МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“

Свети Николе – Битола – РС Македонија

Факултет за правни науки

Магистерски труд на тема:

Трговија со дрога во Република Северна Македонија и земјите од регионот

Изработил:
Енис Асаноски

Ментор:
доц. д-р Марија Гроздановска

Битола, 2020

Содржина

Апстракт 3
Abstract 4
ВОВЕД 5
1. Научна и општествена оправданост на истражувањето 7
2. Одредување на предметот и целта на истражувањето 8
3. Методологија на истражување 8
Глава I 10
1. Дефинирање на организираниот криминал 10
2. Организираниот криминал во македонското законодавство 22
3. Облици на организиран криминал 25
Глава II 38
1. Домашно законодавство за трговијата со дрога 38
1.1. Меѓународни документи за трговијата со дрога 45
2. Анализа на статистички податоци за состојбата во областа на трговијата со дрога на меѓународно ниво 47
Глава III 51
1. Етиологија на трговијата со дрога 51
Глава IV 57
1. Феноменологија на трговијата со дрога 57
Глава V 59
1. Трговијата со дрога во Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Албанија и во Косово 59
Глава VI 61
1. Трговијата со дрога во Република Северна Македонија 61
2. Анализа на статистички податоци за трговијата со дрога во Република Северна Македонија 62
Глава VII 73
1. Случаи од практиката за трговијата со дрога 73
Глава VIII 76
1. Превенција и сузбивање на трговијата со дрога 76
Заклучок 93
Користена литература 95

Апстракт

Трговијата со дрога е еден вид „црн пазар“ на кој се одвива купопродажбата на дрогата и врз основа на неа се остварува голем профит. Секако дека ова нелегално дејство ги опфаќа одгледувањето на супстанции кои предизвикуваат одредени девијации во когнитивните способности (дроги), нивното производство, нивната испорака и на крајот продажбата, која всушност е забранета. Во нашата земја, како и во соседните земји, но не само таму, трговијата со дрога е нелегална во кривичните законици, прецизирано е дека тоа е кривично дело кое е казниво. Во Република Северна Македонија овој тип кривични дела поврзани со дрога се систематизирани во 21. глава од Кривичниот законик. Нелегалното производство и дистрибуција и продажба на дрога (член 215 од КЗ) и овозможување на употреба наркотични дроги (Член 216 од КЗ) се кривични дела за кои се добиваат строги затворски казни. Во определени земји, како што се Кина, Иран или Сингапур, нелегалната трговија со дрога се казнува дури и со смртна казна. Иако трговијата со дрога во Република Северна Македонија е забранета со Кривичниот законик, таа зема сè поголем замав, а се инкорпорирани и многу структури, вклучувајќи ги и законодавната и судската, па и извршната власт.

Abstract

Drug trafficking is a kind of "black market" in which the sale and purchase of the eponymous takes place and on the basis of it a large profit is made. Of course, this illegal activity involves the cultivation of substances that cause certain deviations in cognitive abilities (drugs), their production, their delivery and finally the sale, which is actually prohibited. In our country as well as in neighboring countries, but only there drug trafficking is illegal in the Criminal Code, it is specified that it is a crime that is punishable. In the Republic of Northern Macedonia, this type of drug-related crimes are set out in 21 chapters of the Criminal Code. Illegal production and distribution and sale of drugs (Article 215 of the Criminal Code) and Enabling the use of narcotic drugs (Article 216 of the Criminal Code) are criminal offenses for which severe prison sentences are obtained. In some countries, such as China, Iran or Singapore, drug trafficking is even punishable by death. Although drug trafficking in the Republic of Northern Macedonia is prohibited by the Criminal Code, it is gaining momentum in which many structures are incorporated, including the Legislature, the judiciary and the executive, but for that later.

ВОВЕД

Овој труд на објективно изведување заклучоци за трговијата со дрога е изведен со цел да се создаде општа генерална концепција од конвергентни и дивергентни изводи на заклучоци за постоењето на трговијата со дрога во земјите на Балканот, особено во Република Северна Македонија. Општо застапениот недооформен концепт за феноменот, кој долго време го нагризува човештвото, се заснова на површноста на изложените податоци, како и несублимативното генерирање на квантитативни податоци, кои се вешто дисперзирани во архивите. Имено, зборот конвергентно го користам затоа што ова истражување ќе се движи најпрвин низ маргините на употреба на дрога, притоа насочувајќи го својот фокус врз злоупотребата и трговијата со дрога на неодамнешен настан што се случил во село близу Прилеп. Исто така, ќе биде прикажан квантитативно порастот на трговијата со дрога во Република Северна Македонија, која, се разбира, е спротивна на КЗ. Дивергентно ќе се истражува и компаративно ќе се следи трговијата на дрога во другите балкански земји. Ќе се направи споредба која би го укажала степенот на зголемување на трговијата со дрога. Самата цел на истражувањето е да го изнесе на виделина она што долго време е поставувано под површината на фактите. Притоа, ќе биде изложено искажувањето на општи фактори кои би можеле да ја спречат трговијата. Сублимацијата на податоци од квантитативни и квалитативни примери би помогнала во процесот да се подигне свеста кај луѓето во Република Северна Македонија.

Имено, дрога е секоја супстанција, синтетичка или несинтетичка, што ја консумираат луѓето. Најчесто се синтетизира надвор од организмот и се внесува во организмот предизвикувајќи одредени активности. Се случува поматување на свеста и на совеста на човековото битие и предизвикува халуциногени ефекти. Тутунот, канабисот, кокаинот биле користени од страна на луѓето уште од најстари времиња. Имено, тие го разоруваат она што постои во егото на човекот, ја замаглуваат свесноста за реалноста, креирајќи некаква илузорна реалност која има детриментално дејство не само врз психата на човекот, туку и врз органите. Како и да е, фактот дека трговијата со дрога е застапена уште од најстаро време не го побива отпорот кој настанува и

репресијата на овој грозоморен феномен, со цел да се изгради здраво и сигурно општество.

Опиумот како наркотик се користел во минатото за различни културно-социолошки потреби на човекот, но главна цел била медицинската употреба на опиумот. Во 19 век Фреу прави истражување на употребата на кокаинот во лекувањето на пациентите. Сепак, прекумерното количество на кокаинот доведувало со смрт. За да се одбегне збунетоста која настанува од дефинирање на дрогата, зборот наркотик е заменет со терминот опиум, кој се употребува во сегашната медицинска литература со цел да се изврши диференцијација на употребата на термините. Имено, наркотиците се користат за намалување на болката. Тие создаваат чувство на среќа и ослободување на болката, особено на анксиозноста и тензичноста. Поради овој ефект, настанува и злоупотребата на дрогата, а преку верижен лонгитудинален систем на искористување на ресурсите и нивна пренамена во прекумерно земање, го маркира самиот почеток на нелегалната трговија со дрога, која се појавува во светот.

Несаканите ефекти што ги предизвикува дрогата се уништување на нервниот систем, намалување на концентрацијата, се намалува толеранцијата, со тоа што се случува алтернација на функцијата на мозокот. Тука се наметнува суштественото проблемско резонирање за социјалната дискрепанца која се создава меѓу луѓето, каде што се укажува на фактот дека оние луѓе што доаѓаат од дисхармонични средини се посклони кон користење дрога и други психотропни супстанции. Сепак, употребата на дрогата не е само во опсег на овие случаи, туку таа зема замав кај секоја индивидуа, особено кај најмладите. Голем дел од земјите се транзитни региони за шверцување стока. Неусогласеноста на фискалната политика на регионално ниво, големата разлика на цените, зголемувањето на акцизите во соседните земји се потенцијални причини за појавата на овој вид криминал. Трговијата со дрога претставува глобален црн пазар кој опфаќа одгледување, производство, дистрибуција и продажба на супстанции што се забранети со закон.

1. Научна и општествена оправданост на истражувањето

Научната оправданост на ова наше истражување ја гледаме и ја бараме во фактот што тоа ќе направи обид за своевидна квалификација на нивото на трговијата со дрога во Република Северна Македонија и во земјите од регионот. Покрај тоа, овој труд ќе се задржи на феноменологијата и трговијата со дрога, како и превенцијата, со што ќе придонесе за развој на важни аспекти на трговијата со дрога како општествено негативна појава.

Општествената оправданост на истражувањето произлегува од сè поголемата опасност и штета што ги создава дрогата, а особено врз сè помладите лица.

Организираните криминални групи се инволвирани во недозволена трговија со дрога, шверцување мигранти, насилен и сериозен криминал на национално и меѓународно ниво. Околу 26% од организираните криминални групи се поликриминални и дејствуваат во повеќе од една област на криминал. Поврзувањата на членовите во организираните криминални групи најчесто се врз основа на семејна или пријателска врска. Повеќе од половината од организираните криминални групи се од средна големина, во кои членуваат од 5 до 14 члена. Стекнатите финансиски средства од криминалните активности се перат преку инвестирање на финансиските пазари, во легални бизниси, движен и недвижен имот. Мал број од организираните криминални групи применуваат корупција во нивното криминално дејствување, која е особено изразена кај службеници во спроведување на законот од пониско ниво и влијание во судски процеси за нивни членови.

Општествената одговорност се согледува преку фактот што Република Северна Македонија низ светските, но и низ домашните извештаи се јавува како транзитна земја и дел од „Балканската рута“ за транспорт на дрогата кон Западна Европа. Според тоа, полициските служби во Република Македонија се надлежни за откривање, докажување и разјаснување на криминалот поврзан со дрогата, вклучувајќи го наркокриминалот на локално и на национално ниво, а со помош на соработката со другите држави или меѓународни организации и на глобално ниво. Истовремено, полициските службеници се надлежни и за одржување на јавниот ред и мир, па оттука произлегува дека имаат

надлежност да постапуваат и во случаи на прекршување на јавниот ред и мир од страна на корисниците на дроги, кои употребуваат дрога на јавни места, и за овој вид прекршок се надлежни да изрекуваат прекршочни санкции и одземање на затекнатата дрога. Според тоа, надлежностите на полицијата во нашата држава произлегуваат од Законот за внатрешни работи, Законот за полиција и Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

2. Одредување на предметот и целта на истражувањето

Како предмет и цел на истражувањето се јавува трговијата со дрога, која како интернационален термин вклучува голем број дела во кои се вклучени наркотични дроги и други психотропни супстанции, кои се одгледуваат, произведуваат, пренесуваат и се промовираат во Република Северна Македонија и во земјите од регионот. Терминот понатаму се проширува и означува злодела кои се поврзани со алатките и начините на пренос. Во истражувањето ќе бидат изнесени аналитички податоци за тоа дали обемот на трговија со дрога достигнал пораст во последните години, за колку проценти се случува девијација од претходно утврдените постулати на трговија со дрога. Исто така, фокусот на случајот, кој неодамна се случи во подрачјето на Прилеп, ќе биде изнесен како показател на ова нелегално дејствие.

3. Методологија на истражување

Методологијата на ова истражување е кавнтитативна и квалитативна, и го следи трендот на трговијата со дрога во Република Северна Македонија, како и во земјите од Балканот. Истражувањата ќе бидат квантитативни, со тоа што би ја покажале злоупотребата на дрогата како зависна варијабла, и просторот на Република Северна Македонија и другите земји на Балканот.

Статистички ќе бидат изнесени податоците за трговијата на дрога. Исто така, ќе се изврши квалитативно истражување, чиј фокус е интерпретација на случај, кој неодамна се случи во близина на Прилеп.

Методите што ќе најдат примена во овој труд се методот на индукција, дедукција, анализа, синтеза, споредбен метод, историски метод и сл.

Глава I

1. Дефинирање на организираниот криминал

Дефинирањето на организираниот криминал од кој било пристап, криминолошки, казненоправен, меѓународноправен итн., претставува најголем проблем. Тешко може да се постигне и минимална согласност за основните елементи што ја сочинуваат неговата структура. Отворено е и прашањето дали овој поим има сопствена структура или е трансцендентален поим што упатува на други поими (организирана продажба на дроги, организирана терористичка активност, организирано перење пари итн.), во однос на кои има карактер на обичен атрибут или на вредносен, нормативен поим. Со дефинирањето на организираниот криминал, како и со другите „нови форми“ на криминал (корупцијата, перењето пари итн.) се случува една интересна појава - главното влијание во борбата против овие појави да доаѓа од страна на меѓународната заедница, што е несомнено реакција не само на неизедначениот пристап на државите, туку и на фактот дека тоа е единствениот начин, државите кои се и самите криминализирани да се присилат да преземат определени мерки за превенција и за репресија на криминалот.

Напорите на меѓународната заедница во тој правец се финализирани со усвојувањето на Конвенцијата на Организацијата на Обединетите нации (ООН) против транснационалниот организиран криминал од 2000 година (Конвенцијата од Палермо), во која како организиран криминал се дефинира активноста на криминалните групи. Во телата на Советот на Европа (СЕ) е прифатена следнава дефиниција за организиран криминал, содржана во Препораката Rec(2001)II на Комитетот на министрите од 2001 година: Нелегални активности извршени од страна на структурирана група од три или повеќе лица која постои подолг временски период и презема заедничка активност заради извршување на едно или повеќе сериозни - тешки дела, со цел стекнување, непосредно или посредно, финансиска или друга материјална корист.[1] Како сериозни кривични дела по дефиниција се третираат делата за кои е пропишана казна затвор од четири години или потешка казна.[2]

[1] Конвенција на ООН против транснационалниот организиран криминал, Палермо, 2000
[2] Ибид

Дефинирањето на поимот организиран криминал денес има особено значајна криминално-политичка функција: поставување казненоправна рамка за пропорционален одговор на сè потешките и поорганизирани облици на криминал со подигнување на ефикасноста на мерките на превенција, на откривање и на гонење. Без таквата димензија нема да постои ни потребата организираниот криминал да се издвојува како посебен, специфичен казненоправен поим, зашто во казненоправна смисла, овој поим е синоним за која било, макар и најелементарна форма на заедничко учество на повеќе лица во извршување казнено дело. Во казнените законодавства, меѓу одредбите за учество на повеќе лица во казнено дело (соизвршителство и соучесништво) до неодамна мошне ретко се среќаваше законска дефиниција за криминално здружение. Резервираниот став на современите казнени законодавства кон издвојувањето на поимот на злосторничко здружение во последнава деценија забрзано се напушта, во голема мера и под влијание на меѓународните инструменти за борба против организираниот криминал.

Организираниот криминал е многу значаен термин кој стана дел од речникот на многу политичари, а исто така и на поширокатa јавност. Тој често се применува без јасна референтна точка и всушност е многу неодреден и нејасен.[3] Овој недостиг на јасност, исто така, влијае врз релевантните академски дебати. Од една страна, терминот може да се користи за означување одделни видови пософистицирани криминални активности вградени во една или во друга форма, во сложени недозволени пазари.

Недозволени трговии со оружје, дрога и трговија со луѓе најчесто се поврзани со сетот на „овозможување активности“ како, на пример, (заканата од) насилство, корупција и перење пари.[4] Една група на автори претпоставува дека првоспоменатите претставуваат основни активности на организираниот криминал,[5] а друга ги посочува подоцнежните.[6] Во двата случаи, прекршувањата на законите обично можат да се

[3] Michael Woodiwiss and Dick Hobbs, ‘Organized evil and the Atlantic Alliance: moral panics and the rhetoric of organized crime policing in America and Britain’, во British Journal of Criminology, Vol. 49, 2009, pp. 106–128
[4] Alan Wright, Organised Crime, Willan Publishing, Cullompton, Devon and Portland, OR, 2006, p. 49.
[5] Jan van Dijk, ‘Mafia markers: assessing organized crime and its impact on societies’, во Trends in Organized Crime, Vol. 10, 2007, p. 40; Allan Castle, ‘Transnational organized crime and international security’, Institute of International Relations, University of British Columbia, Working Paper No. 19, 1997, p. 2.
[6] Stefan Mair, ‘The world of privatized violence’, во Alfred Pfaller and Marika Lerch (eds), Challenges of Globalization: New Trends in International Politics and Society, Transaction Publishers, New Brunswick, NJ, 2005, p. 54.

категоризираат како „сериозни кривични дела“. Но, можеби попрецизно е да се користи терминот „организиран криминал“.

Еден проблем на овој пристап е тоа што тој е определен само врз основа на индикаторот на криминалитет. Насилството против лица, на пример, може да биде важно средство и карактеристика на некои нелегални активности, но не мора да значи.[7] Исто така, постојат многубројни нелегални пазари, почнувајќи од трговијата со шверцувани цигари и украдени автомобили, до изнудување од мултинационалните корпорации, коцкање, проституција и така натаму.[8] Сепак, како што покажува примерот на проституцијата, не е можно да се наведе во општи црти дека оние што се ангажирани во соодветните активности се вклучени во организираниот криминал. Можеме да заклучиме дека едноставното набројување кривични дела не ни кажува многу за организираниот криминал.[9] Оттука, алтернативен пристап го става организираниот криминал на ниво со ограничен професионален криминал[10] и на тој начин се намалува нужната широчина што мора да ја има секој дефиниран концепт на организирано кривично дело.

Од друга страна, поимот „организиран криминал“ може да се користи во смисла на криминалните организации, како што се колумбискиот и мексиканскиот „картел на дрога“, јапонската „јакуза“, кинеските „триади“, или италијанската и американската „мафија“.[11] Сепак, како што се комплексни и различни недозволените пазари, така се дефинираат и карактеристиките на групите што ги снабдуваат. Тие варираат од мали, кои се лабаво поврзани мрежи и се состојат од мал број лица, до големи, хиерархиски организации.[12] Но сите, без разлика дали се мали или не, високо организирани или

[7] Edgardo Buscaglia and Jan van Dijk, ‘Controlling organized crime and corruption in the public sector’, во Forum on Crime and Society, Vol. 3, Nos. 1 and 2, 2003, p. 6.
[8] Cyrille Fijnaut, ‘Transnational crime and the role of the United Nations in its containment through international cooperation: a challenge for the 21st century’, in European Journal of Crime, Criminal Law and Criminal Justice, Vol. 8, No. 2, 2000, p. 121.
[9] James O. Finckenauer, ‘Problems of definition: what is organized crime?’, in Trends in Organized Crime, Vol. 8, No. 3, 2005, p. 75.
[10] Edwin H. Sutherland, The Professional Thief, University of Chicago Press, Chicago, 1937; see further, Mary McIntosh, The Organisation of Crime, Macmillan, London, 1975, pp. 9.
[11] Mario Bezotti, ‘Organisierte Kriminalitat: zur sozialen Konstruktion einer Gefahr’, во Angewandte Sozialforschung, Vol. 22, Nos. 3 and 4, 2002, p. 136.
[12] Phil Williams, ‘Transnational criminal networks’, in John Aquilla and David F. Ronfeld (eds), Netwars and Networks: The Future of Terror, Crime, and Militancy, RAND, Santa Monica, CA, 2001, p. 65.

дезорганизарани, користат тајни кодови, вешт персонал (како што се економисти, правници или техничари) или се однесуваат како легални претпријатија (фирми)-трговски друштва. Затоа е многу тешко да се постигне консензус за соодветната употреба и значењето на терминот „организиран криминал“.[13] Постојат предлози дека овој концепт, за кој се претпоставува дека е возило за идеолошки мотивирана репресија над индивидуите и социјалните групи, вештачки создаден непријател, но лошо дефиниран, треба да се напушти.[14]

Во светската литература можат да се најдат стотици дефиниции за организираниот криминал од автори од различни провениенции и различни подрачја. Меѓутоа, појавата на организираниот криминал не датира од толку скоро. Организирани криминални групи постоеле уште во средниот век (во 17 век бандите ги напаѓале големите градови). Криминални организации со широка акциона распространетост, нивното преминување од локални во национални, па и во меѓународни размери, се врзуваат за монополизам и финансиска аристрократија.[15] Сепак, дефинирањето на организираниот криминал од кој било пристап - криминолошки, казненоправен, меѓународноправен итн. - претставува најголем проблем. Тешко може да се постигне и минимална согласност за основните елементи што ја сочинуваат неговата структура.

Еден од најеминентните и најафирмираните правни теоретичари во Република Македонија, академик проф. д-р Владо Камбовски, го дефинира организираниот криминал како „извршување кривични дела од страна на злосторнички здруженија заради остварување профит и/или постигнување моќ, со употреба на насилство, или со користење на посебната положба во општеството, со намалување на ризикот преку вклучување во легалните економски, политички и други активности, како и однапред направен систем за заштита од гонење“.[16]

Истиот автор, како што и самиот вели, „по десетгодишно проучување на феноменот на организираниот криминал, би ја проширил дефиницијата со додавање на

[13] Збирката на Klaus von Lampe, достапна на: http://www.organized-crime.de/OCDEF1.htm
[14] Peter-Alexis Albrecht, Kriminologie: Eine Grundlegung zum Strafrecht, Beck, Munich, 2005, pp. 343–352.
[15] Милутиновиќ М. (1967). „Криминологија“, Београд.
[16] Камбовски, В., Правна држава и организиран криминал, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 1996, стр. 8-9.

следниве елементи во нејзиниот втор дел: (покрај употребата на насилство) употребата на друга сила или притисок, користење корупција, инволвирање на легалните економски и политички активности и влијание врз политиката, бизнисот, медиумите и судството заради полесно остварување профит и моќ и заштита од казнено гонење“.[17]

Ако се тргне од историската димензија на изучувањето и објаснувањето на организираниот криминал, потребно е да се истакне дека тој егзистира подолг временски период, а во зависност од развојот и карактерот на општествените и економските односи, ги менува и своите појавни облици. Првпат меѓународната заедница го третира организираниот криминал како меѓународен, како и неговите штетни последици за државите на 5. Конгрес на ООН во 1975 година, одржан во Женева, на тема „Превенција на криминалот и третман на престапниците“. Во тој контекст, тогаш терминот меѓународен организиран криминал како една од најсериозните невоени закани за современите држави бил употребен повеќе за негово објаснување од криминолошки аспект отколку од правен, во делот каде што се објаснувала врската на криминалот на „белите јаки“ и корупцијата. Основната теза била дека постојат одредени криминални структури кои имаат иста или слична цел како и другите меѓународни актери, на пр., големите мултинационални компании. Оваа цел се огледала во максималното зголемување на слободата на акции, или дејствија и во истовременото намалување на ефектите на националната и меѓународната контрола на границите, со цел да се намали ризикот, а да се зголемат нелегалните профити и да се создадат нови пазари.

Поимот „организиран криминал“ претставува еден од најконтроверзните поими на денешницата, кој е базиран врз основа на различните пристапи, големата спротивставеност на мислења за факторите за неговата појава, неговото постоење, развој, обем и, секако, неговите појавни облици.

Дефинирањето на организираниот криминал како општествено негативна појава е сложено и од причина што неговата нелегална активност во многу случаи се испреплетува со некои легални активности. Организираниот криминал се поврзува со легалните активности со цел да ја прикрие криминалната трага и да го зачува стекнатиот

[17] Камбовски, В., Организиран криминал, Скопје, 2005, стр. 49.

профит на криминален начин. Тешкотиите во неговото дефинирање произлегуваат, од една страна, од неговите карактеристики кои се однесуваат на ексклузивитетот на членување и дискрецијата во неговите активности, од неспремноста на сведоците и оштетените да го потврдат постоењето на криминалната организација и сл. и, од друга страна, од напорите на државните структури кои се спротивставуваат на криминалитетот да ја покажат својата успешност, односно да го негираат постоењето на организација која на одредено подрачје го загрозува, или нарушува „монополот“ на државниот апарат во креирање на правилата на однесување и санкционирање на оние што ги кршат тие правила. Друга тешкотија околу постоењето на вистинска дефиниција на овој криминолошки феномен е од причина што неговото постоење може да се докаже дури тогаш кога полициските и правосудните структури ќе го препознаат организираниот криминал, ќе го докажат и со правосилна пресуда ќе го потврдат, а за што во реалноста постојат малку такви случаи. Затоа на почетокот на одредена криминалистичка обработка на некој криминален случај или настан, е тешко, а и ризично да се постави цврста дијагноза за постоење или непостоење на организиран криминал.

Во раните 80-ти години кога започна, најпрвин срамежливо, да се зборува за постоење на организиран криминал во Европа, се јави потребата за изнаоѓање конзистентни пристапи за негово дефинирање. Така, министерството за внатрешни работи на Кралството Велика Британија го дефинира организираниот криминал како учество на група лица вклучени во продолжени илегални активности со приоритет стекнување профит, независно од државните граници. Владата на Кралството Белгија во својот извештај од 1997 година го дефинира организираниот криминал како продолжено извршување на потешки кривични дела со цел стекнување профит, или моќ од страна на повеќе од две лица, кои дејствуваат неопределено време, со јасна поделба на задачите, притоа користејќи определени легални трговски структури, или применувајќи насилство и други средства на присила и закана, или вршејќи влијание врз политиката, медиумите, јавната администрација, судството, или врз економијата.

Германските министерства за правда и за полиција (1988) ја преферираат дефиницијата за организиран криминал во која се вели дека тој претставува планско извршување кривични дела со цел стекнување профит или моќ, доколку заедно

дејствуваат повеќе од двајца извршители, вршејќи поделба на работата со индустриските или деловно-техничките структури, со користење насилство, или други средства за присила и заплашување, или со влијание врз политиката, медиумите, јавната администрација, правосудството и економијата. За германскиот автор Фајфер, организираниот криминал претставува планско извршување на кривичните дела со цел остварување добивка или моќ. За да се постигне ова, потребно е запазување на принципите на поделба на работните задачи во самата криминална структура на неодредено време, со учество на повеќе од двајца сторители, притоа користејќи ги специјализираните вештини, или легалните структури, или преку употреба на насилство и други средства за присилба и заплашување, или пак добивката и моќта да ја стекнуваат со поддршка од политиката, медиумите, јавната администрација, правосудството или економијата во државата.

Во рамките на десеттата седница (Виена, Австрија, 10 - 17 април 2000 година) на Конгресот на Обединетите нации за спречување на криминалот на тема „Злосторство и правда, справувањето со предизвиците на XXI век“ се собраа стотици високи претставници на владите, академските институции, невладините организации и медиумите.

Конгресот дискутираше за следното: како да се промовира владеењето на правото и да се зајакне системот на кривичната правда; меѓународна соработка во борбата против транснационалниот организиран криминал: новите предизвици во дваесет и првиот век; ефективна превенција на криминалот: држењето чекор со новите случувања; сторители и жртви: одговорност и правичност во процесот на правдата.

Покрај тоа, се одржаа четири работилници на тема за борбата против корупцијата, кривични дела поврзани со компјутерската мрежа, вклученост на заедницата во превенција на криминалот и жени во системот на кривичната правда.

Конгресот усвои декларација за отелотворување на заклучоците и препораките на земјите-членки и поставување на меѓународната агенда во превенција на криминалот и кривичната правда на почетокот на новиот милениум. Декларацијата ја нагласува одговорноста на секоја држава да воспостави и да одржува фер, одговорен, ефикасен и етички систем на кривичната правда. Во оваа смисла, таа ја признава потребата да се

развиваат и промовираат активности за техничка соработка за помош на државите во нивните напори да ги зајакнат своите домашни кривични судски системи и нивниот капацитет за меѓународна соработка.

Со погледите насочени точно на најлошите форми на транснационален организиран криминал, делегатите од 119 земји, вклучувајќи и 76 министри и други високи функционери, на состанокот во Виена, одлучија да преземат поефикасна заедничка акција за борба против проблемот со светскиот криминал.

Во сегментот на високо ниво на десеттиот конгрес на ОН за спречување на криминалот и третманот на прекршителите, усвоена е со акламација „Виенска декларација за криминал и за правда“, во која тие бараат да се преземат одлучни и брзи мерки за борба против тероризмот, трговијата со луѓе, недозволената трговија со огнено оружје, шверцувањето мигранти и проценатa за $ 600.000.000.000 на бизнис со перење пари.

Декларацијата ги обврзува државите да преземат засилена меѓународна акција против корупцијата и градење на постојните норми на ОН. Таа, исто така, ја нагласува потребата за ефективен меѓународен правен инструмент, независно од Конвенцијата на Обединетите нации, против транснационалниот организиран криминал. Конвенцијата ќе биде придружувана од факултативните протоколи насочени против недозволената трговија со лица.

Став 16 од Виенската декларација повикува на зголемена меѓународна акција против корупцијата, изградба на Кодексот на однесување и регионалните инструменти.

При усвојувањето на Виенската декларација, побарано е од страна на Генералното собрание да се подготват акциони планови за имплементација и следење на обврските во Декларацијата.

Според Скалфани, организираниот криминал го карактеризира извршување на масовни криминални активности од страна на стабилни и добро организирани криминални структури кои своите криминални активности ги извршуваат на високо професионален начин, притоа создавајќи систем на самозаштита од општествена контрола со разновидни средства, најчесто преку корупција.

Неколку специфичности на организираниот криминал издвојува и Савона, како што се организираност и кооперативност на повеќе сторители, при што ги користат насилството и корупцијата со цел полесно остварување на нивните активности и неговата меѓународната димензија, при што криминалните организации се стремат кон одомаќинување на подрачјето каде што ризикот од кривично гонење е помал и кон прикривање на нивните криминални активности преку легални фирми, а со единствена цел остварување профит.

Традиционалните сфаќања за организираниот криминал поаѓаат од Платоновото и од Аристотеловото учење за корупцијата, како расипување на власта, владеење спротивно на општиот интерес, т.е. од интересот на политичката заедница - државата. Во рамките на ова сфаќање се развива и посебно учење чии главни претставници се Макијавели и Русо, кои корупцијата ја определуваат како „морална расипаност на луѓето“, т.е. поништување, изигрување на општествените вредности и доблести кај граѓаните. Макијавели ја дефинира корупцијата како „мерило за квалитетот на расипаната, изопачена власт“. Лордот Актон ја исфрлил познатата формула според која „власта расипува, а, пак, неограничената власт расипува во неограничена мера“. Обидувајќи се да ја релативизира изнесената формула, Монтескје истакнува дека излезот од ваквата состојба може да се изнајде доколку се пристапи кон ограничување на власта, т.е. кон сепарација и релативна независност, но и кон заемна контрола помеѓу законодавната, судската и извршната власт (идејата за владеење на правото). Изнесените гледишта ја потврдуваат основната теза според која постоењето на политичка моќ и влијание, несомнено, подразбира и присуство на корупција како нејзина придружна компонента.

И додека класичните дефиниции на корупцијата го набљудуваат општеството како единствена целина, пред сè, од аспект на неговиот морален интегритет, не навлегувајќи подлабоко во проучување на однесувањето на поединците како членови на општествената заедница (овие дефиниции акцентот го стават врз т.н. изворно значење на корупцијата определувајќи ја како „морално распаѓање на целокупното општество“), се чини дека ваквите сфаќања се неодржливи во услови на постоење на современите општества, кои се карактеризираат со својот хетероген карактер и се наоѓаат под силно влијание на процесот на глобализација.

Независно од тоа, важно е да се нагласи дека покрај неоспорното правно значење на поимот „организиран криминал“, поточно казненоправно значење, што ги опфаќа забранетите поведенија во врска со поткупот во вршењето јавни функции, овој поим има и пошироко, политиколошко (но и социолошко) значење, кое подразбира искористување на политичката функција и положба во неморални или противзаконски цели за остварување некаква лична корист. При обидот за дефинирање на корупцијата не би смееле да се апстрахираме и од критериумот на јавен интерес. Според овој критериум, корупцијата постои во услови кога се работи за нарушување на јавниот интерес, дури и тогаш кога преземените дејствија не претставуваат повреда на одредена законска норма или со други зборови, не може да постои коруптивно поведение доколку не постои повреда на јавниот интерес, без оглед на тоа што таквото однесување е спротивно на законските решенија.

Организираниот криминал, во јавноста, отсекогаш привлекувал најголемо внимание од сите можни видови криминал. Како сторители на кривичните дела кои спаѓаат во областа на организираниот криминал се јавуваат припадниците на злосторнички здруженија (организирани криминални групи) кои секогаш настојуваат да остварат што поголем профит и моќ. Злосторничкото здружение е реална појава, а не вештачка творба напишана во законите. Неговото организирање значи создавање опасен човечки потенцијал, криминален ентитет чии капацитети за криминална активност се значително повисоки од збирот на поединечните капацитети на неговите членови. Организираниот криминал е една од главните закани за човековата безбедност. Тој е закана за државната безбедност, но исто така прави и попречување на социјалниот, економскиот, политичкиот и културниот развој, ги напаѓа јавните, финансиските и безбедносните институции и прави ерозија на основната обврска на државата да се заштитат мирот, редот и правдата. Советот на Европа (2002) го дефинира организираниот криминал како незаконски активности извршени од структурирана група од три или повеќе лица, која постои подолг временски период со цел извршување сериозен криминал преку заеднички активности со користење заплашување, насилство, корупција и други средства со цел директно или индиректно да се добие финансиска или друга материјална корист.

Оваа дефиниција не случајно ја одбрав бидејќи таа не потекнува од закон на некоја држава, но можеби многумина ќе истакнат дека недоволно прецизно објаснува што е организиран криминал. Поради тоа што организираниот криминал има свои специфики во секоја држава посебно, така и дефинирањето е различно во националните закони, а дефинициите се менувани со текот на годините како што се менувал и еволуирал и овој вид криминалитет. За целите на овој труд е важно да се објасни зошто дефинирањето на поимот „организиран криминал“ е предмет на постојани контроверзии и што значи тоа за создавањето на законите и нивното спроведување. Проблемите поврзани со јасното и прецизно дефинирање на оваа појава произлегуваат, пред сè, од фактот што таа се појавува како негативен продукт на остварувањето на односите помеѓу луѓето во општеството, ја следи динамичноста на развојот на односите во општеството и покажува голема способност за приспособување на различните општествени услови. Од една страна, поимот се користи за означување на одделни видови пософистицирани криминални активности вградени во разни форми, во сложени недозволени пазари. Од друга страна, поимот „организиран криминал“ се користи во смисла на криминалните организации, односно организираните криминални групи. Дилемата е и во тоа што ако „организираниот криминал“ е дефиниран премногу широко, преземените чекори од надлежните државни органи може да бидат неефективни или некомпатибилни со правилата и принципите на правната држава, па дури би можеле да станат и навредливи. Меѓутоа, ако „организираниот криминал“ е дефиниран премногу тесно, многу важни случувања и настани што би можеле да бидат откриени, санкционирани и спречени, може да изостанат надвор од опсегот. Во овој магистерски труд се истакнати тешкотиите при дефинирањето на поимот „организиран криминал“ како во националните закони на државите така и во меѓународното право, и е прикажана неговата посебна етиологија и феноменологија. Да се даде дефиниција за поимот „организираниот криминал“, по лично видување, беше предизвик и мотив на авторот на овој магистерски труд, но дадената дефиниција не е ново или поинакво дефинирање од веќе познати и јавно објавени дефиниции. Казненоправната рамка на нашето казнено материјално право е прикажана во трудот и е направена споредба со законите на други држави од светот, со цел да се увиди дали таа е доволна за да може ефикасно да се користи во борбата против организираниот криминал, кој постојано се менува во сите

можни насоки, и што би требало да се направи во законите во иднина за поефикасна борба со овој криминал. Како кај нас, така и кривичните законодавства во повеќе држави во светот го имаат инкриминирано злосторничкото здружување. Овие одредби, во зависност од општите услови во државите и нивните правни системи, се наоѓале во функција на помало или поголемо успешно справување со организираниот криминал.

Организираниот криминал сè повеќе станува предмет на меѓународните прописи. Особено по Студената војна, државите сè повеќе се свесни за транснационалните димензии на организираниот криминал како придружен ефект на глобализацијата. Поради тоа, тие донеле меѓународна рамка за да се потискаат „организираните криминални групи“ и повеќето нивни штетни активности. Соработката во кривичните работи е многу чувствително прашање. Нејзината ефективност често зависи од доверливата размена на информации и заедничкиот интерес за успехот на одредена операција. Во текот на Студената војна била прилично ограничена заемната доверба меѓу државите во меѓународната заедница. Организираниот криминал сè уште бил сфаќан како примарно домашен проблем. Сепак, недостигот на заеднички интереси и меѓусебна доверба, и бавното развивање на свеста за транснационалните димензии на организираниот криминал, објаснува само делумно зошто државите се колебливи во воспоставувањето правно обврзувачка мултилатерална рамка дизајнирана да ја охрабри и унапреди меѓународната соработка за сузбивање на организираниот криминал. Како транснационално извршување на кривично дело – навистина терминот подразбира девијантно криминално однесување, кое по својата природа секогаш вклучува или ги надминува државните граници, кршење на законите во неколку држави, или избегнување на овластувањата - надлежностите на една држава со тоа што не се применливи на одредена територија на државата - многу форми на организираниот криминал имаат тенденција да бидат предмет на таканаречената суспендирање договори, како што се мултилатерални договори меѓу државите со цел да се борат ефикасно против девијацијата - криминалот од меѓународна перспектива. Ако за кратко се погледне назад во историјата, произлегува дека самите држави често се обидувале да профитираат од пазарите кои подоцна станале нелегални и кои се снабдувани од страна на криминалните организации. Ова особено важи за дрогата и трговијата со луѓе, кои денес се сметаат за светски најштетни и најпрофитабилни нелегални активности.

2. Организираниот криминал во македонското законодавство

Организираниот криминал не постои како казнено дело во ниту едно законодавство бидејќи претставува збир од меѓусебно поврзани казнени дела во поглед на потенцијалната криминална корист, извршени од повеќе сторители. Извршувањето на казнените дела се состои во координирана акција помеѓу повеќе сторители. Сторителите се припадници на злосторничка организација (група, злосторничко здружение, банда) во која односите се хиерархиски поставени.

Македонскиот законодавец го дефинирал злосторничкото здружување на следниот начин: „Под група, банда или друго злосторничко здружение или организација се подразбираат најмалку три лица кои се здружиле за вршење кривични дела, во кои влегува и организаторот на здружението“.[18] Според тоа, законодавецот не го определува организираниот криминал таксативно во КЗ, туку се обидува да го дефинира преку поимот злосторничкото здружување. Меѓутоа, секое здружение од ваков вид не е задолжително да кореспондира со некој од појавните облици на организиран криминал, истото здружение може да биде формирано за извршување едно кривично дело или неколку кои не се меѓусебно поврзани.

За дефинирањето на организираниот криминал, посебни напори прави и криминологијата преку разработување и анализирање на феноменолошките и етиолошките карактеристики на одделните облици на организираниот криминалитет. На тој начин, криминологијата ѝ помага на криминалистиката во делот на преземање превентивни и репресивни мерки во борбата против организираниот криминал.

Напори за дефинирање на организираниот криминал прави и криминалистичката наука, според која, организираниот криминал претставува извршување на криминални напади во повеќе сфери од општествено-економскиот живот преку организирани групи на професионални сторители, со хиерархиска поставеност и поделени улоги кои остваруваат високи криминални профити со употреба на професионална деликвентска тактика и техника.

Покрај карактеристиките на организираниот криминал, во литературата се среќаваат и карактеристики на организираните криминални групи. Оттука, како

[18] Кривичен законик на РМ, 2004, 51

карактеристики може да се јават: тајниот карактер на организацијата, врбувањето и уценувањето како начини за членство во организацијата, хиерархиска поставеност, меѓусебна заштита на членовите пред органите на прогонот, казнен кодекс и редовна плата, односно награда за извршување на задачите.[19]

Врз основа на сето ова може да се констатира дека организираниот криминал претставува организирано (координирано) вршење на меѓусебно (каузално) поврзани кривични дела на две или повеќе здружени лица со цел стекнување голема противправна имотна корист и (или) политичка моќ со примена на насилни, поткупувачки и уценувачки методи. Организираниот криминал се врши од страна на организирана група за вршење казнени дела, чии односи се уредени хиерархиски. Се одликува со способност за експанзија надвор од националните граници (организираниот криминал не познава граници). Успешноста на овие групи се должи на нивната меѓусебна соработка на меѓународно ниво. Се одликуваат со висок степен на тајност и непробојност до нивната структура, успешно ги прикриваат нивните активности покажувајќи имуност на стандардните мерки што се преземаат од страна на безбедносните органи во борбата против класичните облици на криминалитет.

Во врска со причините за појава на организираниот криминал, постојат различни ставови, сфаќања и пристапи. Приврзаниците на социјализмот го сметаат овој вид криминал за последица на демократизацијата на општеството, односно како реакција на преминот на општествата од социјализам кон демократија (капитализам). Според тоа, за нив, организираниот криминал е плод на капитализмот и постои само во оние држави што се одлучиле за таков начин на општествено уредување. Со други зборови, приватната сопственост, пазарната економија и продлабочувањето на класната поделба на богати и сиромашни, кои се карактеристики на капиталистичкото уредување, доведуваат до голема концентрација на моќ и пари кај поединци, кои често учествуваат и во власта и на тој начин остваруваат огромни профити со злупотреба на средствата и привилегиите што им се дадени.

Други причините ги лоцираат во 3 групи, и тоа: постоење долготрајни реформи во едно општество, постоење корупција во државната власт и постоење правни празнини

[19] Сулејманов 2009, 312-313

кои можат да се злоупотребат за сопствени цели и остварување во смисла на остварување финансиска корист, пред сè.

Сепак, причините треба да се лоцираат на две нивоа: на ниво на општество и на ниво на поединец. На ниво на општество како причини се јавуваат: социјалните промени на државата, односно промените на економските и политичките односи, миграцијата, бирократизацијата на државата, слабите државни институции, сиромаштијата, политизацијата на целата држава и сл. На ниво на поединец, како причини се јавуваат: отуѓеноста на луѓето, фрустрациите поради неможноста за остварување на посакуваните цели, трката по пари, моќ и власт, потребата за луксузен живот итн.

Факторите што ги олеснуваат активностите на организираниот криминал и им овозможуваат помош и поддршка на криминалните структури во остварување на нивните крајни цели може да ги групираме во шест т.н. хоризонтални олеснувачки фактори, кои заедно претставуваат збир од можности за дејствување на организираниот криминал. Според извештајот на Европол од 2006 година, тоа би биле: глобализацијата, границите, злоупотребата на финансискиот сектор, техничко-технолошки фактор, злоупотребата на транспортниот сектор, измама со фалсификувани документи. За корупцијата, како во теоријата, така и во легислативата и во меѓународните документи, постојат многубројни дефиниции. Притоа, проблемот на нејзиното дефинирање е од идеолошко-политичка природа, но, исто така, постои и мошне широко подрачје на односи, во кое доаѓа до преземање на одредени активности по коруптивен пат; таа се манифестира низ разновидни облици кои тешко можат да се опфатат со единствена дефиниција. Произлегува дека наспроти актуелноста на појавата, определувањето на самиот поим се соочува со видни тешкотии, така што не е достигнато ни рамниште на минимален теоретски консензус. За корупцијата може да се расправа од правен, социолошки, политиколошки, филозофски и од религиозен аспект.

Сепак, гледано од аспект на нејзината темпорална и содржинска димензија, поимното определување на појавата се соочува со видни разлики, на што упатува и постоењето на традиционални и современи дефиниции за корупцијата. Неоспорно е дека класичните дефиниции во современи услови им отстапуваат простор на новите теоретски гледишта. Тоа, впрочем, се наметна и како општествена нужност, со оглед на фактот што основните обележја на т.н. класични, традиционални определби на

корупцијата не можат да одговорат на нараснатите барања и на евидентните напори што се преземаат, со цел нејзино спречување и сузбивање.

3. Облици на организиран криминал

Облиците на организиран криминал настануваат во периодот кога владите немале моќ да ги заштитат сопственичките права на граѓаните, како и регулирањето на општествено-економските односи. Првите облици на организиран криминал се јавуваат во Италија во 19 век (во периодот на обединувањето на Италија). Во тоа време италијанската влада била немоќна да ги контролира општествените односи, а сето тоа го искористиле и свртиле во своја полза интелигентни, но неморални поединци од владејачката гарнитура.

Теоретичарите зборуваат за тоа дека концентрацијата на финансиска моќ во рацете на релативно мал број луѓе, чиј имот е стекнат со погодности што произлегуваат од лесното богатење во услови на војна и економско и друго ембарго, како и поради некои слабости на правниот, економскиот и политичкиот систем, довела до тешки облици на организиран криминалитет во речиси сите области на криминалитетот (општ, економски, политички, еколошки).[20]

Со текот на развојот на општеството се издиференцирале неколку карактеристични облици во кои организираниот криминал може да се јави, односно да се препознае. Така, од досегашниот развој на организираниот криминалитет, професорот Методија Ангелески диференцирал петнаесет групации на начини на извршување, кои всушност се и облици во кои организираниот криминал се јавува, и тоа:[21]

- Организиран економски криминалитет од типот на т.н. криминалитет на белите јаки;
- Организиран економски корпорациски криминалитет;
- Организиран криминалитет на моќници од власта;

[20] Кривокапиќ, 1995, 143
[21] Ангелески 2002, 101

- Организиран воен криминалитет;
- Организиран наркокриминалитет (недозволена трговија со дрога);
- Организиран криминалитет во врска со оружје и муниција;
- Организиран криминалитет во врска со накит и скапоцености;
- Организиран криминалитет во врска со културно-историски добра;
- Организиран криминалитет со радиоактивни материјали;
- Организиран криминалитет во врска со фалсификување пари и хартии од вредност;
- Организирана недозволена трговија со автомобили;
- Организирана проституција и трговија со бели робје;
- Организиран криминалитет во врска со изнуди;
- Организиран криминалитет во врска со трговија со луѓе;
- Организиран криминалитет во врска со хазардни игри.

Во Република Македонија, како најзастапени облици на организиран криминал се јавуваат: перење пари, корупција (примање поткуп и давање поткуп), недозволена трговија со луѓе, опојни дроги и оружје, организирање комар и други хазардни игри, трговија со археолошко и културно-историско наследство, компјутерски криминалитет итн.

Според критериумот на криминалното поле на дејствување на организираните криминални групи, може да се зборува за облици на организираниот криминал. Под облици на организиран криминал се подразбира криминалното поле на дејствување на организираните криминални групи, банди, здруженија (криминални организации), односно кон кои кривични дела или групи кривични дела е насочена нивната криминална активност. Според овој критериум, најчести облици на организиран криминал се: организирани облици на трговија со дрога, организирани облици на трговија со оружје, организирани облици на трговија со луѓе (во сите варијанти), организирани облици на илегална трговија со човечки органи, организиран економско-финансиски криминал.

Најчести облици на организиран економско-финансиски криминал се: даночни измами (затајувања) вршени преку давање фиктивни фактури, заеми, хипотеки и правење други фиктивни финансиски трансакции; перење пари; шверц; царински

измами; недозволено производство и недозволена трговија со разни акцизни стоки; фалсификување и уништување деловни книги; издавање чек и акцептен налог без покритие; повластување и оштетување доверители; предизвикување лажни стечаи; криминал со високи технологии итн.

Организирани облици на корупциски кривични дела најчесто се: злоупотреба на службена положба и овластување, примање и давање поткуп; противзаконито посредување, проневера во службата и други облици. Организирани облици на еколошки криминал се: организирано пренесување и депонирање нуклеарен, односно радиоактивен отпад, како и медицински отпад преку државни граници; загадување на животната средина и природата (воздух, вода, почва) од страна на правни лица (големи производствени капацитети) со непоставување соодветни филтри, при што таквиот криминал може да предизвика опасност за животот или здравјето на луѓето или уништување на животинскиот или растителниот свет во поголеми размери.

Континуираното вршење на овој криминал во подолг временски период не може да се прави без инволвираност на определени државни структури,

Важно е да се истакне дека при вршењето на разните облици на организиран криминал, како помошен или придружен криминал мошне често се јавува фалсификувањето. Фалсификувањето може да се однесува на пари, јавни исправи, службени исправи, фалсификување и уништување деловни книги и сл. Други облици на организиран криминал во зависност од конјуктурноста на пазарот, општествено-политичките и економски состојби, процеси и односи во различни земји, криминалното поле на дејствување (облиците на организиран криминал) можат да бидат различни во одредени временски периоди во една земја, или, за различни земји во ист временски период итн.

Значајно е да се напомене дека сите овие облици на криминал можат да бидат организирани облици, но можат да бидат и обичен, односно конвенционален или неконвенционален криминал во случаите кога тие се извршуваат од страна на поединци без да постојат елементи за организиран криминал.

Според критериумот на територијалната застапеност, односно територијата каде што дејствува организираниот криминал, може да се зборува за подвидови на

организираниот криминал. Според овој критериум, организираниот криминал може да се подели на:

- транснационален организиран криминал;
- национален организиран криминал;
- регионален организиран криминал;
- локален организиран криминал.

Типовите организиран криминал можеме да ги разликуваме според критериумите на: општествената поврзаност (етаблираност во системот), организационата форма, односно нивото на организациска поставеност и хиерархиска структура внатре во организираните криминални групи, обемот на нематеријалните и материјални штетни последици што произлегуваат од различните типови организиран криминал. Според горенаведените критериуми, организационата форма не е единствениот критериум за создавање типологија на организираните криминални групи. Имено, за секој одделен тип организиран криминал во реалноста постојат адекватни организациони форми, кои не мора секогаш да бидат исти за еден тип. Тоа зависи од повеќе фактори, меѓу кои, најважни се општествено-политичките и економските услови во земјата каде што се одвива, на пример, институционалниот организиран криминал преку определени облици на организирани криминални активности итн. За сите типови организиран криминал подробно ќе стане збор. За да не ги повторуваме веќе кажаните дефиниции, овде само ќе потсетиме: за најнискиот тип на организиран криминал - групниот организиран криминал, најреферентната дефиниција е според Конвенцијата на ООН, Палермо, 2000, каде што е даден минимумот на константните елементи кои мора да бидат исполнети за воопшто да стане збор за организиран криминал, без оглед на типот; додека за мафијашкиот тип организиран криминал, институционалниот тип организиран криминал и институционализираниот тип организиран криминал, како резултат на генералниот концепт на системски корумпирана политика.

Остана уште да го определиме поимот на мрежниот организиран криминал. Мрежниот организиран криминал претставува хоризонтално организирана шема за вршење сериозни кривични дела од страна на повеќе субјекти, со точно определени улоги при секоја конкретна криминална акција, при што, покрај јадрото на малата криминална група, другите соучесници постојано се менуваат во зависност од видот на

конкретната криминална активност. Притоа, некои од соизвршителите се најмуваат ad hoc во извршувањето на „валканите“ криминални работи, а некои од соучесниците се ангажираат без да знаат дека се дел од криминалниот синџир, вршејќи сосема легални трансакции со цел перење пари, стекнување противправна финансиска или друга имотна корист.

Историските и културните вредности во текот на разните цивилизации претставувале посебен предмет на интерес и на криминална дејност која често пати била поттикнувана, поддржувана и финансирана и од определени држави. Кражбите на овие вредни дела имале цел да ги задоволат локалните колекционери, но денес сè почесто се вклучени во добро организирани шверцерски мрежи кои обезбедуваат нивно пренесување преку граница и наоѓање пазари на кои ќе го пласираат ова непроценливо богатство со посебна историска и културна вредност во секоја држава во светот. И овој вносен бизнис сè почесто ги „напушта“ националните граници и добива форма на транснационален организиран криминал, најмногу мотивиран од остварувањето значителен економски интерес.

Шверцот и трговијата со предмети со висока историска и културна вредност се поддржува од моќни организации на трагачи и истражувачи кои ги поттикнуваат и локалните „колекционери“ и „истражувачи“ да работат по порачка и под нивно менторство. Државите со богато историско и културно минато претставуваат најчест објект на напад, особено ако културното наследство кое има огромна материјална, културна, историска и уметничка вредност е недоволно и несоодветно заштитено. Основната дејност на транснационалниот организиран криминал е насочена кон извршување на активностите поврзани со шверц и недозволена трговија со вредни експонати од областа на културните добра. Овие културни вредности стануваат предмет на илегална трговија во странство, при што „главните актери“ во овој бизнис остваруваат огромна противправна имотна корист.

Културните добра најчесто се шверцуваат во западните земји, каде што ги купуваат колекционерите, приватните институции и богатите поединци заради престиж и „углед“.

Терминот организирана нелегална имиграција подразбира различни видови илегална имиграција воспоставена од определени специјализирани криминални групи и

криминалци. Нелегалната имиграција вклучува обезбедување и олеснување на влез во државата, вработување на нелегалните имигранти, избегнување на пасошката и визната контрола, фалсификување или активности против откривање на фалсификуваните документи. Организираната илегална имиграција оперира во тајност и претставува сериозна и загрижувачка безбедносна закана за националната безбедност на државата, а предизвикува и финансиски, психолошки, а често пати и физички штети. Кога имигрантите ќе бидат присилувани или на некој начин експлоатирани, се смета дека со нив се тргува, односно почнува фазата на трговија со луѓе.

Секоја од овие операции неминовно вклучува еден комплекс на активности - од искористување на имигрантите, провизија за обезбедување на нивната придружба, поткуп на функционери, транспорт, провизија за фалсификување на документите и прибирање на исплатите. Шверцувањето на оваа категорија „современи робови“ секогаш вклучува определен процент на експлоатација (обично проституција или принудна работа). Врз основа на досегашните сознанија можеме да заклучиме дека мнозинството организирани имигрициони криминални групи преферираат да работат помеѓу нивните етнички и фамилијарни опкружувања („затворени етнички кругови“), иако профитот често пати мотивира некој од нив своите услуги да ги понуди и пошироко - надвор од нивната „зона на оперативна сигурност“.

Терминот шверц (контрабанда) има италијанско потекло и во суштина означува незаконско префрлување на стоки преку границата. Во последните години овој термин сè почесто се заменува со англискиот термин - незаконски трансфер, што означува транзитирање на стоки на нелегален начин - термин што повеќе се одомаќинува и во нашиот јазик. Шверцот претставува дејност насочена кон пренасочување пари, стоки или други вредности преку државната граница со нарушување на процедурите и редот воспоставен од компетентните државни органи. Шверцот секогаш е противзаконска дејност што ги засега интересите на повеќе од една страна и во целост е насочен против економскиот поредок на конкретните држави.

Кражбата и шверцот на скапи автомобили, според најновите статистики, бележат висока стапка на пораст во сите држави, но најмногу во државите во кои има огромен број скапи и луксузни автомобили и либерален граничен режим.

Кражбата и шверцот на автомобили се промовираа како уште една нова гранка - форма на дејствување во сферата на меѓународниот организиран криминал. Големите профити од овој „нов бизнис“ неминовно водат кон негова трансформација од локално и национално ниво на меѓународно. Овој вид криминален бизнис носи големи профити со релативно минимален ризик. Водечка улога во остварувањето на овој вид транснационален криминал имаат руските, бугарските и албанските криминални групи кои оперираат на просторот на цела Европа.

Со бришењето на државните граници помеѓу членките на Европската Унија се создаде можност за слободно движење на луѓе и стоки, кое многу умешно го искористи организираниот криминал. Тоа се огледа прво преку фактот дека земјите што порано не беа приоритетни цели на криминалните групи за недозволена трговија со дрога, сега станаа области од зголемен интерес и второ, усвојувањето на еврото како заедничка валута ја направи циркулацијата на парите од извршените криминални акти многу лесна, со оглед на тоа што контролите на менувањето на парите во банките и менувачниците практично исчезнаа. Во овој контекст, олеснително за организираниот криминал е и тоа што административните граници сè уште постојат и ги попречуваат активностите на државните безбедносни структури поради постојната бирократија, па од тие причини неговите активности продолжуваат со несмалено темпо.

Технологијата станува сè повеќе олеснувачки фактор за организираниот криминал, од причини што во последниве години се појавија нови пософистицирани видови измами, како што е, на пр., проток на детални податоци за платежните картички преку интернет. Покрај нив, и традиционалните форми на организиран криминал, како што се перење пари, недозволена трговија со дрога, растурање и ширење порнографски материјал со цел злоупотреба на децата за проституција, еволуираа како резултат на техничко-технолошкиот развој. Интернетот има голем ефект врз криминалот, од причини што информатичката и комункациската технологија нудат извонредни услови за дејствување на организираниот криминал. На пример, криминалните структури имаат создадено високотехнолошки феномени, како што се хакерството и крекингот, кои се одлични за поддршката, контактите, регрутирањето или советувањето. Организираниот криминал настојува комуникацијата помеѓу членовите во криминалните структури да биде во потполна тајност, или тешка за пробивање, со цел да се избегне давање на

навремени информации и сознанија на безбедносните структури за тоа кои се криминалните активности што ги планираат криминалните структури, или пак да се оневозможи собирањето валиден доказен материјал за сторените кривични дела. Е-поштата (e-mail), Скајпот (Skype) и веб-страниците (web-sites) им овозможуваат брзина во комуницирањето, а во комбинација со средствата и методите за кодирање нудат безбедност на податоците кои криминалните структури ги складираат, или ги разменуваат. Напредните комуникациски мрежи и високото познавање на информатичката технологија им овозможуваат на криминалните структури да оперираат на добро организиран начин, притоа покривајќи ги криминалните активности со легални.

Корените на криминалитетот ги наоѓаме во карактерот на општествената, економската, социјалната и политичката структура на државата, во материјалните и духовните услови за живот, во отуѓеноста на луѓето и во личниот избор своите проблеми или потреби да ги решаваат или задоволуваат на лесен, недозволен или криминален начин. Сепак, непосредните етиолошки фактори треба да се бараат во сферата на брзите промени на социјален, економски и политички план, како и во интеракциските односи и врски на глобален план: миграциите, комуникациите, транспортот, финансиските текови и др. На порастот на организираниот криминал му одат во прилог и факторите поврзани со пазарот и слабото функционирање на државите. Оваа слабост, пак, е резултат на превласта на политиката над правото, нефункционирањето на правната држава и непочитувањето на начелото на законитоста.

Под притисок на глобализацијата локалните пазари на производи и услуги изумираат, а наместо нив се развива еден единствен глобален пазар. Искористувајќи ја оваа новосоздадена ситуација, структурите на организиран криминал преку новите телекомуникациски технологии, сè повеќе користениот воздушен сообраќај и нововостановеното електронско банкарство, можат насекаде во светот и на брз начин да ги пласираат нелегалните производи и услуги. Но, како што влијанието на глобализацијата не е еднакво насекаде во светот, така и развојот на економијата не е рамномерен. Така, земјоделските производи, или суровините за производство се поскапи во одредени држави за разлика од други.

Користејќи ја оваа ситуација на широко достапен меѓународен пазар, организираниот криминал многу поевтино ги произведува и пласира своите производи за широка потрошувачка и нуди поевтини услуги, со што сериозно ги поткопува легалните економии, особено на државите што се сиромашни и се во фаза на транзиција. Поради сиромаштијата, зголемена е побарувачката на нелегалните производи кои се поевтини на пазарот, а организираниот криминал, користејќи го тоа, отвора ниско платени работни места, притоа вршејќи безобѕирна експлоатација на човечкиот труд. Најчесто ги регрутираат сиромашните слоеви, како и илегалните мигранти, за работа по фабриките, продавниците, за шверц, но и за давање сексуални услуги. Денешните структури на организиран криминал, налик на легалните фирми или корпорации, се организирани како лабави мрежи на претприемачи, чија примарна или основна цел е остварување профит и моќ. Сепак, она што ги разликува легалните бизнис-активности од бизнис-активностите на организираниот криминал е тоа што вторите користат нелегални средства и методи за стекнување и зголемување на својот капитал и моќта, како што се насилството и корупцијата, притоа нарушувајќи ја способноста на државите да доживеат одржлив економски раст. Економската криза во глобалната економија, која во 2010 година го достигна својот врв, се одрази и врз условите во кои оперира организираниот криминал. Моменталниот недостиг на знаења во однос на реалната магнитуда и траењето на оваа криза, и за динамиката на активностите на криминалните и некриминалните играчи, не дава точни и веродостојни процени за ефектите од заканите на организираниот криминал во државите од Европа.

Доколку „сивата економија“, „црните пазари“ и нелегалната, или непријавена работна сила бидат во пораст, тоа ќе претставува дополнителна пречка во работата на легалните фирми кои се даночни обврзници, но и за граѓаните кои се обидуваат да закрепнат од кризата, бидејќи нелојалната конкуренција и понатаму ќе ги лиши од легалниот бизнис. Загрижува и фактот што некои сопственици на фирми кои чесно се борат за опстанок на пазарот, би можеле да станат жртви на организираниот криминал, чија крајна цел е да се стекне контрола над легалните бизниси и на тој начин да се инфилтрира во легалната економија. Не смее да се исклучи можноста некои од нив, под притисок на криминалците, а со цел да се заштитат себеси и својот бизнис, да станат поеластични на некој вид соработка со структурите на организираниот криминал. Од

друга страна, овие криминални структури, по дефиниција, може да се карактеризираат и со значително ниво на флексибилност и иницијатива, така што може да се очекува дека тие ќе бидат способни да се соочат со предизвиците што доаѓаат. Претпоставката дека организираниот криминал може да продолжи да прави високи профити, притоа користејќи ја достапноста до ресурсите, и понатамошните обиди да навлезе во легалната економија, во ситуации кога легалните бизниси се сретнуваат со големи тешкотии во работењето, не е издржана. Тоа е така од причина што треба да се има предвид дека многу од структурите на организираниот криминал се сретнуваат со истите тешкотии, што зависи од степенот до кој нивните имоти и бизниси се веќе интегрирани во легалната економија. Обидот за предвидување на понатамошно пенетрирање на организираниот криминал во легалната економија, како резултат на економската криза, е многу комплексен и поврзан со толку многу варијабли, што во оваа фаза кој било обид да се предвиди конечниот исход би бил вештачки и со лимитирачки вредност. Во секој случај, неопходно е државите да ја спречат таквата можност со давање гаранција дека актуелните власти и стопанските субјекти ќе изградат цврста брана против перењето пари и реинвестирањето на нелегалниот профит. Преку изнаоѓање правилен и сериозен пристап на полициските и судските истраги ќе се постигне целта, а таа е идентификување и конфискување на имотите што се акумулирани од недозволените активности на организираниот криминал. Во овој контекст, воедначеноста и хомогеноста на пристапите помеѓу различните законодавства во државите, пред сè, на европска територија, но и низ целиот свет, се круцијални.

Во случај на отсуство на таква хомогеност, одредени законодавства природно може да станат преферирани цели на организираниот криминал. Големиот дел од населението во државите од Југоисточна Европа, препознатливо преку различни социјални слоеви кои подолг период наназад живееле и работеле во услови на депресија, немаштија или се наоѓаат на надолната скала од општественото живеење, се најранливите категории кои ги прифаќаат негативните и недозволени активности на организираниот криминал како механизам за нивно преживување и опстанок. Стратегијата на организираниот криминал е што подлабоко да се етаблира во овие социјални слоеви на население, да се регрутираат нови припадници, притоа не плашејќи се од компромитација и откривање на нивните недозволени активности.

Од друга страна, пак, овие ранливи социјални слоеви имаат сè поголемо влијание во агресивното промовирање на криминалните активности на организираниот криминал. Сето ова придонесува овие слоеви да прераснат во организација која ќе ги спонзорира, заштитува и извршува криминалните активности како основна дејност. Ова би можело да се случи само доколку криминалните структури имаат доволно силно влијание врз припадници регрутирани од овие социјални слоеви, со цел обезбедување лојалност и посветеност во извршувањето на криминалните активности. Она што од социолошки и морален аспект во државите од Југоисточна Европа претставуваше голема опасност е што преку успешно спроведените активности на перење пари, одредени криминални шефови остварија успешни деловни контакти, стекнаа големо богатство, а притоа успеаја да ги исперат и своите биографии. Така, сега тие како сопственици на некогаш големите општествени претпријатија, сопственици на спортски клубови или како значајни спонзори на културни, спортски и слични манифестации, станаа дел од општествената елита и се силно етаблирани во врвот на општеството. Тоа што е особено опасно е што овие криминалци успешно етаблирани во врвот на општествените структури стануваат многу влијателни во политиката, благодарение на парите што ги вложиле во одредени политички партии или во некои многу влијателни личности. Во поново време, кога општествените околности станаа постабилни, брзо се заборави на делот на животната историја на „новокомпонираните богаташи“, па многу перфидно влегоа во периодот на легално работење, што им овозможува спокојно да уживаат во „резултатите од минатиот труд“.

Трговијата со човечки органи за релативно краток временски период се трансформира во многу доходовна гранка на организираниот криминал. Мошне значаен фактор за брзиот развој на овој грозоморен криминален вид претставува и високиот степен на корумпираност во медицинските средини, кои исто така се вклучуваат во овој криминален бизнис. Во изминатите две децении се појави „нова стока“ со многу висока цена - човечки органи наменети за трансплантација на оние што имаат доволно пари да ги платат. Најчесто „трансферот“ на човечките органи претставува предмет на организираното шверцување првенствено од сиромашните земји со екстремно низок животен стандард и со општа социјална и севкупна нестабилност. Човечките органи - предмет на нелегална трговија се насочени првенствено кон економски развиените и

богати држави во кои незаконското донаторство се плаќа многу скапо. Последиците се катастрофални - денес во определени сиромашни држави има региони во кои најголем број од населението „функционираат“ само со еден бубрег или се останати без некои од своите органи.

Последните две децении феноменот на дрогата и трговијата со дрога доживуваат еден тренд на „глобално ширење“, односно масовно распространување на глобално ниво. Според анализите на Светскиот извештај за дрога од 2000 година, можеме да констатираме дека трговијата со дрога несомнено прераснува во „вистински глобален феномен“.

Исто така, трговијата со дрога претставува најраспространета и основна дејност на транснационалниот организиран криминал. Опасноста од ова современо зло се манифестира и преку негативните импликации во економската, социјалната, индивидуалната и националната безбедност, дури и во политичката (стабилноста на власта) и другите сфери на животот. Исто така, несомнена е и констатацијата дека обемот и растот на незаконското производство, побарувачка и промет со опојните дроги и психотропни супстанции кои претставуваат сериозна опасност за здравјето и благосостојбата на луѓето, имаат негативно влијание врз стопанските, културните и политичките темели на општеството. Во овој контекст, непроценлива опасност претставува сè поголемото продирање на дрогата во разните социјални групи, како и фактот дека децата во многу делови на светот се злоупотребуваат и се користат како незаконски потрошувачи на дроги, но и за незаконско вклучување во производството, дистрибуцијата и трговијата со опојни дроги и психотропни супстанции.

Добивката или користа од меѓународниот организиран криминал ја достигнува вистинската вредност кога ќе се „влее“ во легалните финансиски текови, односно кога ќе се „влее“ во легалната економија. Овој процес е „чистење“ на парите од страна на криминалците кои се стекнати со криминални активности („валкани пари“) со цел да се изгуби трагата за откривање на нивното потекло. Кон овој „финансиски процес“ прибегнуваат многубројни актери од мрачниот свет на криминалот, кои по пат на криминални нелегални активности прибавуваа огромни суми на „валкани пари“. Според извештајот на Претседателската комисија, „перењето пари“ се дефинира како „процес со кој некој го прикрива постоењето, илегалното потекло или нелегалната употреба на

приходите, за потоа нив да ги прикаже така како да изгледаат легитимни“. Овој процес во суштина е трислоен: - првиот започнува со избор на државата и банката каде што ќе се изврши „перењето“. Вториот начин, односно вториот чекор на процесот претставува нелегално внесување или изнесување на големи суми пари преку физички лица.

Вториот стадиум на „перењето пари“ е раскинување на врската помеѓу поседувачот на паричната сума и лицето кое ги извршува финансиските операции/трансакции, со цел да се прикрие изворот и да се усложнат и да се отежнат истражната постапка и финансиската проверка.

Третиот стадиум е поврзан со внесување на парите во легалниот бизнис и дефинитивно - крајно прикривање на нивното потекло. Игрите на среќа отсекогаш ги привлекувале луѓето од различните социјални слоеви и со различна имотна состојба. Со оглед на фактот дека големите влогови обезбедуваат големи печалби, игрите на среќа се поврзуваат со измама преку различни форми. Во САД, традиционално, уште од предминатиот век, најстар извор на приходи на организираниот криминал беше коцката, која им обезбедуваше релативно високи суми на финансиски средства. Кон средината на осумдесеттите години на минатиот век, Претседателската комисија за организиран криминал на САД оцени дека заработката од овие активности значително пораснала и изнесува помеѓу 29 и 32 милијарди долари, со тенденција за понатамошно зголемување.

Глава II

1. Домашно законодавство за трговијата со дрога

Недозволената трговија со дрога, наркобизнис или, пак, наркотрговија, претставува еден вид „црн пазар“, на кој се одвива купопродажбата на дрогата и врз основа на тоа се остварува голем профит. Секако дека овој црн пазар го опфаќа одгледувањето на психотропните супстанции (дроги), нивното производство, прекуграничното дистрибуирање и на крајот продажбата на определени супстанции (дроги) што се забранети со закон. Во многу земји низ светот трговијата со дрога е забранета и е инкриминирана во кривичните законици како кривично дело кое е казниво. Во Република Македонија овој тип кривични дела поврзани со дрога се инкриминирани во 21. глава од Кривичниот законик.

Неовластеното производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори (член 215 од КЗ) и овозможување на употреба наркотични дроги (Член 216 од КЗ) претставуваат кривични дела за кои се предвидени затворски казни за сторителите. Во определени земји, како што се Кина, Иран или Сингапур, нелегалната трговија со дрога се казнува дури и со смртна казна.

Недозволената трговија со дрога претставува сериозна национална (домашна) и меѓународна или интернационална состојба кон која треба да се пристапи глобално. Дрогата не е едноставен проблем и претставува голема закана за здравјето, безбедноста, просперитетот на популацијата, а особено младината. Тука мора да се спомене и наркоманијата како социјално девијантна или социо/патолошка негативна појава која е мошне акутна во светот. И покрај темелните проучувања на оваа појава, тешко е да се согледаат докрај нејзината етиологија и нејзините негативни консеквенции, односно последици, и да се разработат ефикасни инструменти и средства за нејзино спречување и сузбивање.[22] Кај недозволената трговија со дрога се испреплетуваат многу аспекти, како што се здравствените, социјалните, кривичните, етичките и слично. Уживањето на опојни дроги спаѓа во групата на социопатолошките појави. Сите статистички податоци

[22] Методија Каневчев, Посебниот дел на казненото право, стр.264

покажуваат дека последните две до три децении постојано бележи пораст во целиот свет.[23] Феноменот поврзан со дрога и мерките и активностите што треба да се преземат се комплексни и во широк континуум кој опфаќа превенција, третман, намалување на штети, социјална реинтеграција, правна контрола, спроведување на законот, особено имајќи предвид дека употребата на дрогата, трендовите, како и нелегалното производство и трговија со дрога се многу динамични и постојано се менуваат. Секоја држава има своја карактеристика во која се инволвирани и организирани криминални групи, каде што ги остваруваат своите огромни профити, но неоспорно е дека нелегалната трговија со дрога е на првото место во светот каде што се остваруваат нелегалните профити.

Најпрофитабилна активност на организираниот криминал е трговијата со дрога на која граѓаните на Европската Унија трошат најмалку 24 милијарди евра годишно.[24] Злоупотребата на дрогата и болестите на зависност од дрогата се поврзани со глобалните општествени проблеми, како што се сиромаштијата, невработеноста, деликвенцијата, криминалот, бездомништвото, додека обртот на пари од наркокриминалот може да има значајно влијание врз општествената стабилност, развојот на општеството, демократските процеси и условува страдање и на индивидуата и на семејството, а води и до губење на човечкиот живот.[25] Доколку се погледне претходно наведеното и доколку се земе предвид, можеме да кажеме дека граѓаните и институциите во Р. Македонија се свесни за овие проблеми и опасности, и активно даваат поддршка и на својата територија и во рамките на меѓународната соработка со земјите од регионот и светот, со една транспарентна и конзистентна политика за борба против дрогата, со цел да се обезбеди здрав живот, достоинство и безбедност на индивидуата – човекот и целокупното општество во целина.

Низата од голем број меѓународни обврски што произлегуваат од конвенциите (Конвенција за психотропните супстанции од 1971, Конвенција за транснационалниот

[23] Тодор Витларов, Казнено право, Посебен дел со практични примери, авторизирани предавања, стр.56, 2013 год.
[24] Заеднички извештај од Европол, европската полициска агенција и Европскиот центар за надзор на дрога и зависности (EMCDDA)
[25] http://www.cph.mk/ftp/Strategii/Nacionalna%20strategija%20za%20droga%20%20mkd%20strategija%202014-2020.pdf

организиран криминал од 2000 год. и слични) и распространетоста на оваа појава доведоа до инкриминирање на истата, односно за казненоправна заштита на истата. Во овие конвенции се содржани, така и во нашето казнено право, релевантните поими на дроги – даден е попис на супстанциите што се сметаат за опојни дроги (морфиум, опиум, хероин, кокаин итн.), како и на други психотропни супстанции (аналгетици, седативи, транквилизери, психостимуланси и сл., што влегуваат во поимот на таблетоманија.[26] Поимите се дефинирани во Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции.[27] Овој закон е дециден во делот каде што се забранува одгледување, производство, промет, поседување и употреба на супстанции и растенија и нивни препарати освен во медицински или научни истражувања или во судско-медицински, наставни или полициски намени како што е утврдено со Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции.[28] Кога станува збор за суштината на ова кривично дело, првиот облик, односно дејствието на извршување на ова кривично дело претставува неовластеното производство или, пак, преработување на супстанции или препарати што се прогласени за наркотични дроги, психотропни супстанции или прекурзори.

Производство е секој или кој било начин на создавање дроги и тој е различен во зависност од тоа дали станува збор за природна или за вештачка дрога. Поимот „преработување“ значи добивање еден облик на дрога или нејзино пречистување, подобрување на нејзиниот квалитет и слично. Притоа, производството или преработката треба да се вршат заради продажба на дрогата. Притоа, посебно значење може да има самата количина на опојните средства, околноста дали сторителот самиот е консуматор или е познат како продавач на дрога (дилер), како и секоја друга околност што може да укаже на намерата на сторителот да се занимава со продажба.[29] Секако дека криминалните структури влегуваат во овој „црн бизнис“ заради продажба, односно заради профитот што се остварува. Според извештајот на ОН, во 2003 година, на пример, глобалната трговија со дрога остварила 321,6 милијарда американски долари. Истата година, со БДП од 36 милијарди американски долари, трговијата со дрога може да се

[26] Методија Каневчев, Посебен дел од Казненото право, стр. 266
[27] Закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции
[28] http://www.pravdiko.mk/narkotichni-drogi-i-kaznite-za-nivno-neovlasteno-proizvodstvo-i-pushtan-e-vo-promet/
[29] Тодор Витларов, Казнено право, Посебен дел со практични примери, стр.56, 2013 год.

процени на нешто помалку од 1 процент од вкупната светска трговија.[30] Самото дејствие на посредување во купувањето или продажбата на психотропните супстанции, прекурзори и слично се состои и опфаќа различни моменти и дејствија што се насочени кон реализација на продажбата помеѓу купувачот и продавачот, пренесувањето пораки меѓу нив, чувањето на дрогата и сл. За постоењето на ова кривично дело не е од значење дали посредувањето било успешно или дали дошло до купопродажба на дрогата. Ова кривично дело е свршено со преземање на кое било дејствие што е означено како дејствие на сторување. Последицата што настанува како резултат на ова кривично дело е опасност за животот и здравјето на луѓето. Секако дека сторител или извршител на ова кривично дело може да биде секое лице, или пак лице кое во сите овие дејствија ја има улогата на посредувач. Следен битен елемент е субјективното битие. Кај ова кривично дело тоа е умислата. Лицето кое го извршило ова кривично дело треба да биде пресметливо и да го има сторено истото со умисла, што значи дека сторителот треба да е свесен дека станува збор за супстанции кои се прогласени за дрога. За ова кривично дело е предвидена казна затвор од 3 до 10 години.

Со измените на КЗ од 2009 година пропишан е нов привилегиран облик во случај дрогата да е во помало количество, и предвидена е казна од шест месеци до 3 години затвор. Мора да се напомене дека во судската практика настануваат проблеми бидејќи овој поим на „помала количина на дрога“, е непрецизиран, нејасен и неконцизен, и зависи и од видот и од карактерот на дрогата. Заради воедначување на практиката и постапувањето на јавните обвинители според начелото на легалитет и еднаквост на граѓаните пред законот, Јавниот обвинител на РМ донесе Задолжително упатство Дов. бр.16/2010 според кое, како помала количина на марихуана се смета количината до 5 грама, хероин до 2 грама, а кокаин до 2 грама. Во поглед на психотропните супстанции и прекурзори, секој случај би требало да се анализира индивидуално, во зависност од видот и количината што можат еднократно да бидат употребени. Мислам дека треба да се изврши детална анализа околу ова прашање бидејќи настануваат проблеми во судската практика.

[30]https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%A2%D1%80%D0%B3%D0%BE%D0%B2%D0%B8%D1%98%D0%B0_%D1%81%

Со оглед на фактот дека уживањето на опојните дроги не е кривично дело во Република Македонија, што доколку од страна на овластените полициски службени лица при извршување претрес или слично е фатено лице кое кај себе поседува 0,5 грама кокаин или, пак, 1 грам марихуана за сопствена употреба? Како ќе реагираат припадниците на полициските или правосудните органи? Дали ова лице ќе биде осомничено за неовластено држење дрога од помала количина, а понатаму и осудено? Докажувањето на мотивот за држење помала количина на дрога за сопствена употреба и консумирање, а не и за препродавање, е многу тешко! Овој став сè уште не е искристализиран и поради тоа, при решавање вакви случаи треба да се согледаат сите околности во предметот. Мислам дека владее општо мнение дека одлуките се носат од „случај“ до „случај“. Најчести докази што се презентираат пред судот се записникот од сослушување на осомничениото лице, кој има квалитет на доказ во кривичната постапка, пронајдената и одземена помала количина опојна дрога, сведочењето на уживателите и слично.

Јавните обвинители, во согласност со новиот Закон за кривична постапка, треба да постапуваат многу внимателно. Врховниот суд како највисока судска инстанца треба да донесе начелен став за воедначување на казнената политика. Врховниот суд на Република Македонија треба да се ангажира во јасно и концизно решавање на овој детал и да предложи искристализирано решение. Понатаму, ова кривично дело исто така има квалифициран облик доколку делото го извршиле повеќе лица (најмалку 3, согласно чл.122 т.23 од КЗ) или, пак, сторителот организирал мрежа на препродавачи или посредници. Пропишано е и казнување на правното лице доколку е инволвирано.[31] Исто така, неовластеното правење, набавување, посредување или давање на употреба на опрема, материјал или супстанции за кои сторителот знае дека се наменети за производство на наркотична дрога, претставува посебен облик на дејствување кој е инкриминиран. Во практиката најчесто ваквиот облик на кривично дело се јавува како набавување семки од растението cannabis stativa, од кое се добива опојната дрога – марихуана. Во насока на зголемување на ефикасноста на откривањето на ова кривично дело, пропишан е посебен основ за ослободување од казна, за квалифицираниот облик

[31] Тодор Витларов, Казнено право, Посебен дел со практични примери, стр. 57, 2013 год.

на делото со исклучок на организаторот, кој ќе го открие сторителот или ќе придонесе за негово откривање. Со оваа инкриминација е пропишано облигаторно одземање и заплена на наркотичните дроги, како и на подвижните и неподвижните предмети употребени за нивно правење, пренесување или растурање.

Во рамките на Министерството за внатрешни работи се предвидени повеќе служби во чија директна надлежност влегуваат откривањето, разјаснувањето и докажувањето на казнените дела од областа на наркокриминалот, а не помалку важна е и улогата на другите служби што индиректно се надлежни за откривање на овој вид криминал. Покрај специјализираните оддели и сектори за откривање на трговијата со дрога, од особено значење е и ефикасноста на граничната полиција, која врши гранична контрола согласно Законот за гранична контрола.[32] Од почетокот на 2014 година во Министерството за внатрешни работи започна имплементација на криминалистичко-разузнавачкиот процес, односно полициско работење водено од разузнавање, што подразбира воведување на голем број стандардни оперативни процедури со цел стандардизација на полициското работење со она на земјите-членки на ЕУ.

Имено, воведувањето на националниот разузнавачки модел нужно наметна и реорганизација на Бирото за јавна безбедност, со што функцијата на аналитичките служби во Бирото значително се промени и на постојната аналитичка функција, ориентирана пред сè на статистика, ѝ се додаде и разузнавачката функција, која се извршува преку создавање посебни работни места - инспектори за разузнавање кои се задолжени за правилно и насочено собирање, проценување и споделување на разузнавачките информации собрани од страна на сите полициски службеници во рамките на Бирото. Но, доделувањето на оваа значајна функција не беше поддржано со соодветен информатички развој и соодветна техничка опременост, па во моментот аналитичките служби ни оддалеку не ги задоволуваат стандардите што се бараат од една современа криминалистичко-разузнавачка единица, иако постои национална криминалистичко-разузнавачка база на податоци која претставува интегриран информациски систем кој овозможува обработка и давање на користење податоци меѓу надлежните државни органи, како и размена со странски субјекти, со цел спречување и

[32] Чл. 2 од Законот за гранична контрола, „Сл. весник на РМ“, бр. 171/10, 41/14, 148/15 и 55/16

откривање кривични дела согласно закон.[33] Имајќи ги предвид неконвенционалната форма на овој вид криминал и тешкотиите во неговото откривање, а понатаму и во неговото докажување, законодавецот предвидел низа законски одредби со кои се реализира функцијата на полициските органи во однос на откривањето, разјаснувањето и докажувањето на казнените дела од областа на наркокриминалот. Така, од особено значење за откривање на наркокриминалот и негово разјаснување и докажување се одредбите од Законот за кривична постапка, во кои законодавецот предвидел надлежност на Министерството за внатрешни работи да побара спроведување на посебни истражни мерки од јавниот обвинител или од судијата на претходна постапка во зависност од видот на истражната мерка. Јавниот обвинител, односно судијата на претходната постапка, при издавањето на наредбата за спроведување на мерките целосно ја разгледува криминалната ситуација од која произлегува барањето, ја цени неговата основаност и потоа пристапува кон издавање наредба за спроведување на предложената мерка од страна на подносителот на барањето.

Притоа, во овој закон таксативно се наведени мерките што може да се применат, за кои дела и во кои рокови, при што по истекот на предвидениот рок овластените полициски службеници се должни да поднесат извештај за применетите мерки и откриените казнени дела. Оттука произлегува дека полициските служби не само што соработуваат меѓусебно во рамките на Министерството туку соработуваат и со Јавното обвинителство и со судовите. Од друга страна, пак, Министерството соработува и на меѓународно ниво со министерствата од други држави, како и со меѓународните организации Интерпол и Европол, односно регионалните организации како Селек, редовно испраќа свои службеници на обуки организирани од ОБСЕ или од Канцеларијата на дроги и криминал при ОН, спроведува проекти на ЕУ за воспоставување меѓународни координативни единици на органите надлежни за спроведување на законот и изготвува стратешки извештаи, како што е проценатa на закани од сериозен и организиран криминал.[34]

[33] Чл. 1 од Законот за национална криминалистичко-разузнавачка база на податоци, „Сл. весник на РМ“, бр.120/09

[34] Процена на закани од сериозен и организиран криминал, Министерство за внатрешни работи на Република Македонија, Биро за јавна безбедност, Скопје, 2016, стр.7

1.1. Меѓународни документи за трговијата со дрога

На организираноста на криминалните структури кои се занимаваат со тргување на наркотици единствено може да им се одговори со поголема организираност и сплотеност од страна на органите на прогонот во меѓународни рамки. Затоа, мора да претходи унифицирана легислатива по која ќе може да се открива криминално однесување, во оваа насока, и соодветно да се регулира. Европската Унија потврдува дека мерките за спречување перење пари се едни од најефикасните мерки за спротивставување на заканите од трговијата со дрога и организираниот криминал воопшто. Во таа насока донесе дополнителни мерки за заштита на единствениот економски пазар, слободното движење на капитал и лојалната конкуренција, и разви регулатива за спречување перење пари. Во надлежност на Организација на Обединетите нации донесени се две конвенции од исклучително значење за борбата со недозволената трговија со дрога:[35]

- Конвенција на ООН за борба против недозволената трговија со дроги и психотропни супстанции од 1988 година (Виенската конвенција) и
- Меѓународна конвенција на ООН против транснационалниот организиран криминал од 2000 година (Конвенција од Палермо).

Останати документи што ги има донесено ООН, а кои го засегаат прашањето за сузбивање на трговијата со дроги се: Единствена конвенција за наркотични дроги од 1961 година, Конвенцијата за психотропни супстанции од 1971 година, како и Конвенцијата против корупција од 2003 година. Виенската конвенција, како еден од најзначајните акти во областа, има цел да промовира кооперативност меѓу земјите членки, со цел поголема ефективност и интернационализација на сите аспекти на борба против илегалната трговија со дрога.

Задача на членките е да ги преземат сите потребни мерки, како легислативни така и административни, во согласност со нивниот домашен правен систем, за попродуктивна борба против нелегалната трговија со дрога. Како обврска е наметнато

[35] Трета директива на Европскиот парламент и Советот на Европската Унија за спречување на употребата на финансискиот систем за целите на перење пари и финансирање на тероризам.

имплементирање на казнување на меѓународната трговија со дрога и промена и усогласување на казненото законодавство со цел унификација. Предвидена е заедничка правна помош во кривичната материја на државите и палета на средства со цел организирање на сузбивање и превенирање на трговијата со наркотични средства. Со Резолуцијата 42/112 од 7 декември 1987 година, Генералното собрание на ООН го прогласи 26 јуни за Меѓународен ден против злоупотребата на нелегалната трговија со дрога, како израз на одлучноста да се зајакнат дејствувањето и соработката за да се постигне целта – меѓународна заедница без злоупотреба на дрога. Со оваа резолуција се препорачува натамошно дејствување врз основа на извештајот и заклучоците од Меѓународната конференција за злоупотреба и илегална трговија со дрога во 1987 година. Генералното собрание на Обединетите нации одржа специјална сесија, UNGASS, во врска со дрогата во април 2016 година.

На оваа сесија е обележан важен момент во постигнувањето на целите поставени во документот од 2009 година - „Политичка декларација и План за дејствување во меѓународната соработка кон интегрирана и балансирана стратегија за спротивставување на светскиот проблем со дрогата“, кој ги утврдува активностите што треба да бидат преземени од земјите членки, како и целите што треба да бидат постигнати до 2019 година. Излезниот документ препорачува мерки за намалување на побарувачката и понудата и подобрување на достапноста на лекови под контрола во периодот на одвикнување. Препораките, исто така, ја покриваат областа на човековите права, на младите, на децата, на жените и заедниците; предизвиците што се јавуваат, вклучително новите психоактивни супстанции; јакнење на меѓународната соработка; и алтернативен развој. Текстот става нов акцент на пропорционалноста на националните казнени политики и практики за прекршоци поврзани со дрогата и истакнува силен фокус врз превенцијата и лекувањето.[36] На Конференцијата на Советот на Европа во Стразбур, во 2010 година „Групата Помпиду“ (Мултидисциплинарен форум кој се фокусира на политиката кон дрогата) ги повика министрите и нивните претставници од 50 земји од и надвор од Европа да ја засилат соработката во борбата против трговијата со дрога и злоупотребата на дрогата.

[36] Спирова, В., Меѓународен ден против злоупотреба и нелегална трговија со дрога, 26 јуни

Инаку, „Групата Помпиду“ е формирана во 1971 година од страна на седум европски земји (Франција, Белгија, Германија, Италија, Луксембург, Холандија и Велика Британија), со цел споделување на искуствата во борбата против зависноста од дрога и трговијата со дроги, а е дел од Советот на Европа од 1980 година. Повеќе од 150 учесници расправаат за ризиците од дрогата на работното место, легалната трговија со дозволени супстанции кои се користат за изработка на илегални дроги, како и за меѓународната соработка во однос на патиштата за трговија со дрога. На дводневната конференција беа објавени неколку извештаи, вклучувајќи целосно проучување на системот за обработка во 22 европски земји, истражување на етичките прашања, злоупотреба на дрогата во рекреативни места и др. Исто така, беше разгледано и претстојното вклучување на Република Македонија и Србија како нови членки на „Групата Помпиду“ од 1 јануари 2011 година.[37]

2. Анализа на статистички податоци за состојбата во областа на трговијата со дрога на меѓународно ниво

Големиот број фактори, како што се зголемената фреквенција и мобилност на луѓето, подобрите комуникациски врски и транспорт, повисокиот животен стандард и отворањето на границите, овозможуваат и продажбата на дрога да забележи пораст преку интернационализација на овој тип криминалитет. Всушност, според извештајот на Европол за европските пазари на дроги, глобализацијата е главниот двигател за развојот на производството, дистрибуцијата и за прометот на психоактивни супстанции во многу земји во Европа. Уште повеќе, интернетот има огромно значење и како алатка за комуникација и како онлајн-пазар за трговијата со дроги, а згора на сè, и како место на кое може да се најдат многу информации и едукација за најновите достигнувања на полето на одгледување на канабисот, за производството на синтетичките дроги и за начините за прикривање на кокаинот.[38] Имено, трговијата со дроги преку мрежа позната

[37]http://www.sobranie.mk/2010-fcd3f1bb-e150-42dc-a54c-7741e9394da8-ns_article-potrebno-e-zasiluvanje-na-sorabotkata-vo-borbata-protiv-trgovijata-so-droga-4-11-10.nspx
[38]https://www.europol.europa.eu/newsroom/news/illicit-drugs-eu-report-unveils-new-worrying-trends-in-smuggling-and-consumption

како криптомаркет или „темна мрежа“ започна во 2009 година со неколку веб-страници кои функционираа тивко. Денес, трговијата со дрога преку интернет е значителна, а користењето на криптомаркетите подразбира и поделба на улогите и можност за различни начини на плаќање.[39] Во таа насока, една неодамнешна студија која ја истражува продажбата на 16 големи криптомаркети помеѓу 2011 и 2015 година проценува дека на продажбата на дроги отпаѓаат повеќе од 90% од вкупните приходи од глобалните криптомаркети. Речиси половина (46%) од вкупната продажба на овие маркети потекнува од продавачи со седиште во Европа, од кои како главни продавачи се јавуваат Германија, Холандија и Велика Британија.[40]

Овие податоци покажуваат дека начините за трговијата со дрога постојано се усовршуваат и софистицираат, па оттука и сè почесто се користат најновите технолошки достигнувања, особено во поглед на начините за дистрибуција на дрогата. Токму како за потврда, последните евиденции на запленета количина на дрога покажуваат дека дистрибутерите на дрога сè почесто ги користат модерните техничко-технолошки средства, па така најновиот тренд на пренос на дрога е преку дронови, кои во зависност од големината може да пренесат и до 15 килограми товар.[41] Сепак, сè уште најактуелни и проверени остануваат класичните начини за транспорт и дистрибуција на дрогите низ светот, познати како маршрути или канали за транспорт, кои зависат првенствено од видот на дрогата што се дистрибуира, односно од нејзиното потекло. Генерално во практиката се познати неколку маршрути, односно канали низ светот кои се карактеристични за транспорт на поединечни видови дроги.

Така, на пример, за хероинот најпознати маршрути се: Златниот триаголник (Лаос, Бурма, Тајланд), Златната полумесечина (Авганистан, Иран, Пакистан) или Мексико; за кокаинот се: Боливија, Колумбија или Перу, иако постојат и други пазари и места на производство.[42] Наркокриминалитетот е карактеристичен и за земјите од Балканот и има свои специфичности, имајќи ги предвид географската положба и политичко-

[39] Mounteney, J., Oteo, A., Griffiths, P., European Monitoring Centre for Drugs and Drug Addiction, The internet and drug markets, EMCDDA Insights 21, Publications Office of the European Union, Luxembourg, 2016, p.13
[40] European Drug Report 2017: Trends and Developments, European Monitoring Centre for Drugs and Drug Addiction Publications Office of the European Union, Luxembourg, 2017, p.20
[41] http://www.businessinsider.com/colombian-cocaine-drug-smuggler-using-drones-2016-11
[42] Лајман, Д., М., Потер, Б., Г., Организиран криминал, Магор, Скопје, 2009, стр.232

економската состојба на овие земји. Наркокриминалитетот е еден од главните типови организиран криминал што опстојуваат на овие простори бидејќи носи голем профит и речиси секогаш е придружен со недозволена трговија на оружје, рекет и корупција. Балканот најчесто се јавува како транзитно подрачје, познато како „Балканска маршрута“, а многу поретко се јавува како производител, но се јавува и како крајна дестинација во која се продаваат хероин, кокаин, екстази, амфетамин и канабис ако се има предвид бројот на лицата што користат дроги во земјите од Западен Балкан.

Експанзијата на криминалот со дроги на меѓународно ниво ја поттикнуваат повеќе фактори, и тоа: постојан тренд на развој на економски план на меѓународната заедница; зголемување на меѓународниот сообраќај на луѓе, стоки и информации; меѓународна трговија; распаѓање на социјалистичкиот блок и создавање на т.н. „земји во транзиција“ со изразено присуство на правен, политички и вредносен вакуум; постоење разлики во пристапот кон проблемот помеѓу националните законодавства и меѓународното право, што е резултат на различните правни системи и оневозможува ефикасен настап на меѓународен план во сузбивањето на криминалот со дроги.

Кон ова може да се додаде и проблемот со т.н. „земји од третиот свет“, кои имаат други приоритети и помалку ресурси на располагање, па, според тоа, не се во состојба да ги апсорбираат и неутрализираат последиците од зголемената употреба и трговија со дроги. Ако трговијата со дроги се разгледува во поширока смисла, тогаш несомнено може да стане збор за постоење и континуирано развивање на посебен вид криминалитет познат како наркокриминалитет, кој опфаќа широк спектар на илегални дејствија поврзани со производството, дистрибуцијата и прометот на дроги и психотропни супстанции и има свои посебни обележја и карактеристики. Денес, овој вид криминалитет нема географски, национални, расни или други ограничувања и во сè поголем број земји создава економски, социјални, здравствени и политички проблеми.

Според истражувањата на општата популација во САД, околу 2,5 милиона луѓе, од кои 1,3% на возраст околу 12 години, имаат консумирано хероин барем еднаш во својот живот. Според други извори, околу 2,3 милиони Американци (1% од возрасната популација) се зависници од дроги и имаат потреба од лекување, а околу 115.000 опијатни зависници во 1995 год. биле на терапија на метадонско одржување. И во

Европа истражувањата на општата популација во некои земји ги даваат истите бројки: околу 1% од општата популација, или нешто помалку, во животот имаат употребено барем еднаш хероин, со поголема застапеност кај помладата популација и со поголема концентрација во големите градови. Според официјални претпоставки на Програмата за контрола на дроги на Обединетите нации, околу 3,1 % од светската популација годишно, или 185 милиони лица употребуваат нелегални дроги. Меѓутоа, неофицијалните претпоставки се движат дури и над 4,1 % од светската популација, или застрашувачки 246 милиони лица што употребуваат нелегални дроги на годишно ниво.

Во светот и кај нас најраспространета и најупотребувана дрога е канабисот. Но, гледано од здравствен, социјален и општествен аспект, хероинот е, за нашите простори, веројатно најсериозната нелегална дрога што се злоупотребува, пред сè, поради интравенозната злоупотреба која е високо ризична за ширењето на вирусите на СИДА, жолтица и други преносливи заболувања по крвен пат, како и за ризикот од нагла смрт поради предозираност. Од околу 5,3 милиони луѓе во светот кои интравенски употребуваат дроги, околу 200.000 умираат поради многубројни компликации поврзани со ваквата употреба. Според последниот извештај на УНАИДС при СЗО, вкупниот број заразени во светот со вирусот на ХИВ изнесува 42 милиона, од кои 5 милиони се новозаразени, а вкупниот број смртни случаи изнесува 3,1 милиони лица. Според одредени процени, се смета дека во Европа 40% од новите случаи на лица заразени со ХИВ биле поврзани со интравенска злоупотреба на дроги, а дека дури 70% од сите случаи на ХИВ-инфицирани биле во некаков контакт со интравенски корисници на дроги. Најчесто и најмасовно злоупотребувана дрога и во Македонија е марихуаната, а поради сериозноста на последиците, најмногу загрижува злоупотребата на хероинот. На сцена стапуваат стимулативните и дизајнер-дрогите, повремено кокаин, ЛСД и др. Сериозноста на овој проблем уште повеќе се продлабочува поради сознанието дека прогресивно опаѓаат средната и почетната возраст на првиот контакт со дрогите (за најголемиот број млади помеѓу 14 и 16-годишна возраст).

Глава III

1. Етиологија на трговијата со дрога

Иако проблемот на употреба и злоупотреба на дроги и други психоактивни супстанции (во понатамошниот текст ПАС) станува актуелен и загрижувачки светски проблем во последните децении, историските записи за дружењето на човекот со дрогите нè враќаат на периодот од пред повеќе од 40.000 години. Историските записи нè запознаваат со употреба на овие супстанции кај старите народи за медицински цели: афионот - кај Сумерците, пред повеќе од 5.000 год.; хашишот е запишан во фармакопејата на стара Кина; халуциногените габи - кај Астеците, Маите и Шаманите, пред повеќе од 9.000 год.; кокаинот кај Инките во Јужна Америка. Европа се запознава со опојните дроги во 13 век, кога крстоносците го пренеле опиумот од Блискиот Исток. Првиот медицински препарат на база на морфиум бил препишан во 16 век (Парацелзиус). Хероинот бил комерцијално произведен во 1989 г., додека метадонот бил синтетизиран во текот на Втората светска војна. Европа бележи помасовна примена на хашишот дури во 19 век, во интелектуалните кругови на писателите.[43]

Пиратите што ги ограбувале и напаѓале трговските бродови во 17 век и кои презеле голема и обемна трговска мрежа на украдени стоки може да се сметаат за најрани облици на организираниот криминал. Многу од овие активности и денес се поврзуваат со современиот организиран криминал како, на пример, со проституцијата, комарот и други форми. Сепак, поголемиот дел од теоретичарите ги лоцираат почетоците на различниот американски стил на организиран криминал во урбаните центри во доцниот деветнаесетти век и раниот дваесетти век. Урбаните услови обезбедиле таков вид средина во која организираниот криминал можел да цвета. Раните форми на криминално организирање биле типично врзани со локалните области и поради високо сегрегатниот карактер на градот, тие имале значајни етнички димензии. Ирските околини, на пример, довеле до пораст на уличните банди, а во кинеските, афроамериканските, италијанските

[43] Бодлер, Готие, Верлен, Рембо, Нервал

и еврејските области криминалните организации рефлектирале културни и економски услови на живеење.

Почетоците на теоретскиот дискурс за организираниот криминал се од релативно нов датум. Во САД се развива во текот на шеесеттите години од минатиот век, додека во европските држави (Германија) во текот на осумдесеттите години. Некои автори, како Мајкл Д. Лајман и Гари В. Потер, сметаат дека шпекулациите за вистинската природа на организираниот криминал се развиваат во последните 100 години во САД. Во светската литература можат да се најдат стотици дефиниции за организираниот криминал од автори од различни провениенции и различни подрачја. Меѓутоа, појавата на организираниот криминал не датира од толку скоро. Првите организирани криминални групи постоеле уште во средниот век (во 17 век бандите ги напаѓале големите градови). Криминалните организации со широка акциона распространетост, нивното преминување од локални во национални, па и меѓународни размери, се врзуваат за монополизам и финансиска аристрократија.

Организираниот криминал и трговијата со дрога се многу комплексен феномен кој вклучува широк и разновиден ранг на активности, како трговијата со наркотични средства (една од доминантните криминални активности каде што постои тесна врска со државните органи, особено со оние што издаваат дозволи за увоз на стоки, со царинските органи, поврзано со транспортните и шпедитерски организации, како и развиена трговска мрежа за пласирање и растурање на шверцуваните дроги); шверцувањето оружје, активност која носи извонредно голема заработувачка, особено по распадот на СССР, од каде што може да се набави поевтино оружје; проституцијата и илегалниот пренос на луѓе; перењето пари и незаконските трансфери на пари поврзани со терористички активности. Вообичаено, соработка постои помеѓу терористичките групи (терористички организации или мрежи) и организираниот криминал кој обезбедува претходна финансиска и логистичка поддршка.

Организираниот криминал настојува со различни методи да стигне до највисоките органи на власта и до другите значајни субјекти за да обезбеди што поголеми отстапки, адекватна заштита и општествен статус за шефовите на криминалните организации. Со

своето дејствување организираниот криминал, всушност, го овозможува создавањето на современи успешни криминалци, кои врз основа на стекнатата слава и моќта постигнуваат одреден општествен углед со кој влијаат врз органите на власта, полицијата, правосудството, медиумите и другите субјекти. Низ целиот период на македонската транзиција, започнувајќи од независноста, па сè до денес, проблемот со организираниот криминал константно се доведува во врска со загрозувањето на националната безбедност или директното поткопување на темелите на државноста и државата. Значи, организираниот криминал во Македонија има некои посебни карактеристики и функции, тој си поставува повисоки цели од општопознатите класични криминални дејства. Хронолошки, најпрвин во средината на 90-тите години на минатиот век, како крупен настан во јавноста беше оценета изјавата на еден висок функционер во МВР дека во Македонија постојат елементи на организиран криминал, и тоа корупциско-финансиски малверзации во кои се замешани политичари и функционери од власта. Кулминација на проблемот со организираниот криминал настапува во периодот на конфликтот во 2001 г., или поточно кажано една до две години пред и една до две години по настаните од 2001 година.

Роберт Хислоп, политиколог од Њујорк, во публикацијата „Затишје пред бура“, анализирајќи некои аспекти на конфликтот во 2001 г. вели: „Главна локација на корупцијата во Македонија е политичката партија... Партиите се стремат кон тоа да дојдат на власт не заради грандиозните политички начела, туку заради патронажата и материјалните добивки што доаѓаат со министерските портфолија“.

Според тоа, дрогата била и е присутна, како во класичните култури и во модерните цивилизации, така и меѓу примитивните народи, од северните тундри до екваторијалните прашуми. Меѓутоа, во древните времиња дрогата била вклучена во животната филозофија, култура и традиција на тие народи и речиси секогаш била во функција на колективниот хедонизам, а нејзината примена како индивидуален чин, само и исклучиво заради задоволство и еуфорија, била спорадична. За разлика од тоа, во денешно време нејзината употреба суштествено се разликува, со тоа што овие супстанции денес се земаат на посебен начин, така што кај некои луѓе тие ја губат својата првобитна цел и стануваат цел самите за себе.

Една од причините поради кои трговијата со дрога сè уште егзистира е корупцијата. Перцепцијата на корупцијата и анализата на нејзините етиолошки обележја кај земјите во транзиција (државите што ја поминале и државите кои сè уште се наоѓаат во таа фаза) нè насочуваат кон констатацијата за постоењето на идентични, но и сосема различни причини за корупцијата во наведените држави. Различноста на причините за корупцијата произлегува од специфичностите и карактерот на нивниот политички систем, актуелните трансформации на моделот на политичкиот и економскиот систем и нивните форми на манифестирање, односно нивните потенцијални можности и ефективи да се задржат и да опстанат во новонастанатиот општествен амбиент. За таа цел, истражувањата на криминогените фактори на корупцијата, во различните транзициски држави, мора да тргнуваат од нивниот севкупен општествен контекст карактеристичен за анализираното општество (транзициско или посттранзициско).[44]

Така, како разгорувачи на корупцијата во транзициски општества се наведуваат, освен економската трансформација и демократизацијата на општествата, несоодветното и нецелосно функционирање на контролните механизми, брзите и радикални промени на постојните економски и политички услови со паралелна, честопати нелегалната промена на сопственичките односи, слабата активност на контролните институции, развојот на „сивата економија“, кризата, а во некои општества и целосниот распад на системот за витални општествени вредности, вооружените судири и други внатрешни конфликти, сопственичката трансформација, појавата на значајни правни празнини, појавата на нелојална конкуренција, криминалната приватизација на државната и општествената сопственост, во кои доаѓа до израз процесот на лоша (ниска) процена на вредноста на капиталот (негово целосно обезвреднување), како и постоењето на широк дијапазон на дефинирани дискрециони права на високите функционери, идеални за нивна криминална злоупотреба. Со тоа, како најкритични области погодни за развивање на корупцијата се издвојуваат стопанството, финансиите, политиката, јавните служби и државната управа.

[44] Cotić, D. цитирано според Сулејманов, З., Криминологија, 2007, стр.171

Камбовски наведува дека меѓу причините за постоење и ширење на корупцијата е и самата колективна свест, односно нестабилноста на системот на морални и други вредности. Постоењето на практика на огромно незаконско богатење, остра социјална диференцијација, која сè повеќе е резултат на искористување на одредена погодност и положба, особено кај приватизацијата на капиталот, отколку на способност и труд, создава општа клима на уверување дека сè е дозволено и дека се исплаќа дури и криминалот. Особено ако законодавството не може да ги следи и санкционира таквите појави, а државните органи не покажуваат особен ангажман за дословно применување на законите.[45]

Како причина за земање дроги најчесто се наведуваат љубопитноста, желбата за лично искуство со дроги, пријатното доживување, потребата за идентификација со група и придобивање пријатели, барањето излез од секојдневната монотонија и животните проблеми.

Во трката за поголема заработувачка родителите минуваат сè помалку време со своите деца; наставниците се оптоварени со голем број образовни програми; единствена забава за младите претставуваат кафулињата и дискотеките, а во превенцијата на зависностите во нашата држава сè уште преовладуваат пристапи кои насекаде во светот се покажаа како неделотворни.

Според полициските евиденции, првите регистрирани лица што користат дроги во Република Македонија беа во 1969 година. Во 1990 година се регистрирани вкупно 314, додека во 2000 година нивниот број порасна на 4.569 лица. Ваквиот тренд продолжува и во наредните години, така што на крајот од 2007 година се регистрирани вкупно 8.345 лица што користат дроги.

Причините за трговијата со дрога се сложени и меѓусебно тесно поврзани. Вклучуваат економски, социјални и политички фактори, но најчесто станува збор за комбинација од неколку. Меѓу другите фактори се вклучуваат и корупција во државата, недостиг на пристап до работни места, низок степен на образование, нарушено и

[45] Камбовски, В., Спречување на корупцијата, Криминално – политички основи и законодавен модел), Македонска ревија за казнено право и криминологија, 1998, стр. 6

дисфункционално семејство, недостиг на човекови права, слабо спроведување на политиките на владата и многу други.

Глава IV

1. Феноменологија на трговијата со дрога

Енциклопедиското значење на поимот феноменологија се темели на двата грчки збора од кои е составен: fenomen и logos. Притоа, зборот fenomen означува појава што се прикажува во надворешниот свет, а logos е учење, однос, појава, знаење. Оттука, феноменологија е знаење за манифестните облици на појавите. Секоја наука има сопствена содржина на феноменологијата која е дефинирана со предметот на науката. Кога е во прашање криминологијата, криминалната феноменологија претставува едно од подрачјата на проучување на оваа наука, а нејзината содржина ја сочинуваат манифестните облици на криминалитетот, кој е и основен предмет на криминологијата. Поточно, криминалитетот како масовна појава во надворешниот свет се изразува преку неколку свои димензии: обемот, појавните облици, структурата и структуралните промени, и динамиката на појавата.

Феноменологија на криминалитетот или криминална феноменологија е наука за манифестацијата на кривичното дело. Таа претставува подрачје на криминологијата како наука и се занимава со појавните облици, конкретните и општите манифестации на криминалитетот и деликвенцијата во општествената реалност, со обемот, динамиката и структурата и структуралните промени, со распространетоста на криминалитетот и деликвенцијата и нивните карактеристики што се израз на времето и просторот, со квалитативните и квантитативните карактеристики што произлегуваат од нивниот карактер на индивидуална и општествена појава, со штетните последици и жртвата и сето тоа како потреба да се стекнат сознанија за објаснување на нивната етиологија.[46]

Како феноменолошки карактеристики се јавуваат: обем, структура, динамика, појавни облици итн.

Феноменот поврзан со дрога и мерките и активностите што треба да се преземат се комплексни и во широк континуум кој опфаќа превенција, третман, намалување на штети, социјална реинтеграција, правна контрола, спроведување на законот, особено

[46] Арнаудовски, Љ. (2007), Криминологија, 2 Август С- Штип, Скопје, стр.244

имајќи предвид дека употребата на дрогата, трендовите и нелегалното производство и трговија со дрога се многу динамични и постојано се менуваат.

Според КЗ, за неовластено производство и трговија со наркотици просечната казна е 3,81 или речиси 4 години иако просечниот задолжителен минимум е под 3 години.

Во 2020 година се откриени 733 кривични дела од областа на недозволената трговија со дрога. Кривично се пријавени 857 сторители, од кои 25 се малолетници, а 24 се странски државјани.

2020 година	Кривични дела	Сторители
Скопје	113	123
Битола	79	95
Велес	51	58
Куманово	50	52
Охрид	136	144
Струмица	67	78
Тетово	119	166
Штип	109	121
ОСОСК – Оддел за сузбивање на организиран и сериозен криминал	9	20

Извор: МВР Јавности

Година	Странци	Малолетници
2010	4	24
2011	10	23
2012	22	20
2013	8	15
2014	15	23
2015	7	18
2016	8	7
2017	15	21
2018	13	35
2019	14	38
2020	24	25

Извор: МВР Јавности

Глава V

1. Трговијата со дрога во Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Албанија и во Косово

Нелегалната трговија со марихуана беше во пораст сè до намалувањето на производството во Албанија и полициските акции во земјата, што имаше влијание врз порастот на цените и зголемување на бројот на нелегални лаборатории за производство на марихуана во природни услови и на модифицираната марихуана „сканк“ во вештачки услови. Македонија и понатаму ќе биде транзитна област за шверц на марихуана по „Балканската маршрута“ до земјите од Централна Европа. Марихуаната од Албанија се шверцува и се дистрибуира во еден дел преку Јадранското Море (со глисери или траекти од албанските пристаништа Драч и Валона), директно во Италија и Грција, до дестинациите во Велика Британија и другите земји во Западна Европа. Останатите правци одат по копнен и воден пат (Скадарско, Охридско и Преспанско Езеро), кон значајната транзитна точка Црна Гора, Србија и Македонија, а потоа во земјите од Западна Европа. Главните правци на трасата на канабис и неговите деривати е од Албанија преку северозападниот до југоисточниот дел во насока на Грција и Бугарија. Хероинот доаѓа главно од Турција, Бугарија или од Грција во правец на Албанија или Србија, кокаинот преку воздушен пат, преку скопскиот аеродром, или преку пристаништата во Албанија и Бугарија, додека синтетичките дроги најчесто доаѓаат од насока на Бугарија и Србија. Производството на дроги сè уште расте во светот и е сериозна закана поради недоволната контрола на прекурзори во регионот и поради нивната достапност. Денес, садењето афион и неговото производство се контролираат од страна на овластени организации за производство. Присуството на дроги е реалност, а ова во прв ред се гледа од количината на запленети дроги. Меѓу 2000 и 2005 година бројот на заплени на дрога е зголемен во сите набројани земји. Карактеристиките на запленетите дроги се разликуваат од година на година, т.е. во некои години доминира запленувањето на хероин, а во други години запленувањето на канабисот и неговите деривати. Има мало зголемување на откриени случаи на недозволена трговија со синтетички дроги, најмногу екстази и кокаин. Ситуацијата со организираниот криминал

во државите од Југоисточна Европа и денес не е изменета на подобро, што се гледа од последниот Извештај на Европол за регионот на Југоисточна Европа, во кој се зборува за најголема експанзија на организираниот криминал во последните години, како резултат на зголемената недозволена трговија преку Црното Море, ширењето на многубројни балкански правци за транзит на нелегалната стока, особено дрогата, за и од државите на Европската Унија, како и поради зголемениот пораст на нелегалната миграција преку Р. Грција. Меѓународните криминални структури од Косово, Македонија и од Албанија стануваат сè поактивни, а дел од нив добиваат поддршка од вооружени групации како, на пр., од остатоците од поранешната ОВК на Косово. И понатаму хероинот што доаѓа од Турција транзитира преку овие држави, а заедно со марихуаната која се одгледува во регионот, завршуваат на наркопазарот во државите на ЕУ. За одбележување се зголемените активности на недозволената трговија со кокаин, кој од некои од државите на Јужна Америка, преку пристаништата на Јадранското и Црното Море и користејќи ги веќе постојните нелегални канали, пристигнува на пазарот на западноевропските држави. Новина е формирањето на нови транзитни точки, особено во Унгарија, каде што се спојуваат неколкуте нелегални канали на дрога кои водат од Балканот и Црното Море, каде што таа се препакува на патот кон западноевропските држави.

На меѓународно ниво одржани се голем број конференции, самити, средби и состаноци на кои се донесени голем број документи, конвенции, договори во кои се направени напори да се определат минимум елементи, односно карактеристики и заеднички точки за олеснување на дефинирањето на организираниот криминал и тие да бидат општоприфатени од целата меѓународна заедница.

Глава VI

1. Трговијата со дрога во Република Северна Македонија

Во делот на градовите како жаришта на организираниот криминал, во Северна Македонија се издвојуваат Скопје, Велес, Штип и Кочани. Според извештајот на Глобалната иницијатива против транснационалниот организиран криминал, постојат три главни криминални групи кои оперираат во регионот: од селата Арачиново, Кондово и Грчец.

Велес се смета за една од главните крстосници на трговијата со дрога на Балканот. Според наодите на извештајот, во градот се врши размената на хероин за канабис меѓу криминални групи од Бугарија, Северна Македонија, Албанија и Грција. Имено, токму тука се пресекуваат патиштата на хероинот кој преку Македонија транзитира кон Западна Европа, и канабисот од Албанија кој се транспортира кон Грција и Турција.

Официјалниот број на запленета дрога е многу низок, како што е ниска и стапката на криминал. Тоа сугерира степен на дослух или бенигно занемарување од страна на полицијата и политичарите, заклучува извештајот. Не случајно, се наведува понатаму, во Велес се роди т.н. Франкфуртска мафија.

Штип, како трет на листата со жешки точки, има директна поврзаност со Велес, а притоа е сместен на главната хероинска маршрута. „Штип е сместен на коридор на поликриминална активност, во најголем дел контролирана од етнички Македонци. Илегалната активност вклучува трговија со дрога, шверц на цигари, како и рекет и изнуда преку приватни компании за обезбедување“.

И Кочани ја дели судбината на Штип во однос на местоположбата, и од него најчесто се шверцуваат цигари и канабис. Што се однесува во регионалната прекугранична поврзаност на криминалот, во тој дел се издвојува тромеѓата меѓу Северна Македонија, Косово и Србија, која е претежно населена со етнички Албанци. Најголеми градови во регионот се Куманово и Тетово. Тромеѓата беше клучна точка за трговијата со нафта кон Србија и Црна Гора во времето на ембаргото, на почетокот на 90-тите години. Денес, шверцот се состои од стока, храна, злато, цигари и дрога.

Трговијата со дрога во најголем дел го опфаќа албанскиот канабис, кој потоа преку Прешевската Долина се шири на север или југ, хероинот кој доаѓа од Турција и Бугарија, како и кокаинот од Србија. Според некои процени, во регионот се произведува и се препакува и хероин, кој потоа оди директно за Швајцарија. Постојат сомнежи дека во регионот на Тетово се произведуваат и синтетички дроги, откако во 2017 година беше откриена илегална лабораторија и беа запленети 300 килограми амфетаминski пилули. Од 2014 година овој регион, а особено селата Ваксинце и Лојане се и средишна точка на трговијата со мигранти.

Илегалните текови преку пристаништата, градовите и граничните премини во Западниот Балкан „се овозможени од политичката економија на криминал која е длабоко вкоренета во повеќето земји во регионот.“[47]

2. Анализа на статистички податоци за трговијата со дрога во Република Северна Македонија

Одделот за криминалистичко разузнавање и анализа при Министерството за внатрешни работи изработи една збирна анализа за вкупниот криминал во Република Македонија по области и сектори во периодот од 2010 до 2016 година.[48] Во анализата се обработени и податоци во однос на трговијата со дрога. Во првата табела се наведени состојбите во областа на трговијата со дрога во РС Македонија.

Состојби во областа на недозволената трговија со дрога										
Година	**2010**	**2011**	**2012**	**2013**	**2014**	**2015**	**2016**	**2017**	**2018**	**2019**

[47] Извештај на Глобалната иницијатива против транснационалниот организиран криминал.

[48] https://docs.google.com/spreadsheets/d/13DbLn6WQ288YssjZwhzO6NHw4Kh5_qdWZuN_6a72ko/edit#gid=1740835474

вкупно регистрирани кривични дела	578	596	604	555	717	611	608	552	789	896
вкупно регистрирани сторители	713	719	736	668	872	718	708	629	905	1004

Табела 1. Состојби во областа на недозволената трговија со дрога

Извор: http://www.stat.gov.mk/



Графикон 1. Состојби во областа на недозволената трговија со дрога

Врз основа на податоците од табелата 1 може лесно да се утврди дека имаме тренд на зголемување на бројот на кривични дела од областа на недозволената трговија со дрога. Бројот на регистрирани сторители е највисок во 2019 година (1004 сторители).

член 215 - Неовл.произв. и пуштање во промет на наркот. дроги, психотр.супстанции и прекурзори	**2010**	**2011**	**2012**	**2013**	**2014**	**2015**	**2016**	**2017**	**2018**	**2019**
регистрирани кривични дела	494	481	468	421	577	515	488	464	673	763
регистрирани сторители	616	588	586	514	714	615	572	532	782	863
член 216 - Овозможување на употреба наркотични дроги	**2010**	**2011**	**2012**	**2013**	**2014**	**2015**	**2016**	**2017**	**2018**	**2019**
регистрирани кривични дела	84	115	136	134	140	96	120	88	116	133
регистрирани сторители	97	131	150	154	158	103	136	97	123	141

Табела 2. Регистрирани кривични дела и сторители по член 215/216.

Извор: http://www.stat.gov.mk/



Графикон 2. Регистрирани кривични дела и сторители по член 215/216.


Врз основа на податоците од табелата и графиконот 2 може да се утврди дека во 2019 година имало највисока стапка на регистрирани сторители, односно бројката достигнува 863 лица за неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори. За овозможување употреба на наркотични дроги најголем е бројот во 2014 година - 158 регистрирани сторители.

Состојби во недозволената трговија со дрога по сектори																				
Орг. Единици	2010		2011		2012		2013		2014		2015		2016		2017		2018		2019	
	кривич	сторите	кривич	сторите	кривич	сторите	кривич	сторите	кривич	сторите	кривич	сторите	кривич	сторите	кривич	сторите	кривич	сторите	кривич	сторите
СВР Скопје	110	129	74	83	74	87	62	76	94	113	97	103	97	107	101	112	165	172	171	179
СВР Битола	91	106	66	77	66	76	92	100	107	116	93	107	61	65	56	61	76	87	82	92
СВР Велес	10	12	15	16	27	32	15	18	21	21	15	20	23	25	25	29	32	40	38	44
СВР Куманово	51	52	81	81	60	69	39	45	57	60	34	39	29	30	22	23	34	37	54	55
СВР Охрид	71	82	62	71	72	89	66	68	86	84	84	94	79	88	95	99	104	116	119	140
СВР Струмица	52	65	63	68	61	64	55	66	48	59	60	62	65	74	60	65	53	59	62	75
СВР Тетово	47	63	52	69	49	66	36	47	100	156	71	85	61	76	52	58	135	155	162	181

СВР Штип	47	58	54	63	38	41	26	35	41	43	40	51	56	63	44	51	56	61	56	66
ОСОСК	15	49	14	60	21	62	30	59	23	62	21	54	17	44	9	34	18	55	19	31

Табела 3. Состојби во недозволената трговија со дрога по сектори

Извор: http://www.stat.gov.mk/




Графикон 3. Состојби во недозволената трговија со дрога по сектори

Од табела и графикон 3 може да се уочи дека припадниците на Министерството за внатрешни работи во однос на сузбивањето на трговијата со дрога имале најмногу работа во Тетово со 181 регистриран случај.

Вкупно заплени на дрога по вид и количина - по член 215 и 216										
заплени	**2010**	**2011**	**2012**	**2013**	**2014**	**2015**	**2016**	**2017**	**2018**	**2019**
марихуана во килограми	459.7	286.4	784.6	477	632	226	623.7	510.18	1532.43	977.20
хероин во килограми	37.1	23.7	55.3	11.7	20.2	5.36	0.8	1.4	1.97	0.73
кокаин	2 кгр	1,5 кг	173 грама	15,8 грама	318 грама	0,07 кгр	717 грама	263,84 грама	586,69 грама	852,3 грама
стебла канабис	4,199	1,247	2,755	1,421	1,187	2,362	2,414	389	819	131
таблети екстази	459	3,628	206	142	1,217	490	522	1,187	472	409.5

Табела 4. Вкупно заплени на дрога по вид и количина - по член 215 и 216

Извор: http://www.stat.gov.mk/



Графикон 4. Вкупно заплени на дрога по вид и количина - по член 215 и 216

Врз основа на табела 3 може да утврдиме дека најраспространети дроги на територијата на Република Македонија се кокаинот, хероинот, марихуаната и екстазите. Исто така, од страна на припадниците на МВР во најголеми количини е запленета марихуаната, што претставува индикатор дека во Македонија е распространета продажбата на марихуана и дека во земјава има голем број уживатели на овој тип дрога. Битно е да се напомене дека постојат организации, здруженија или невладини организации кои се залагаат за декриминализација на марихуаната, кои сметаат дека консумирањето на марихуаната би требало да биде легално и неказниво во определена мера и законски одредено, како што е случајот со Холандија.

Балканските маршрути и локацијата на Западен Балкан го прават особено привлечен за трговија со дрога, оружје и луѓе. Лоциран е врата до врата со ЕУ. Регионот се наоѓа меѓу најголемиот светски производител на опиум - Авганистан и најголемите пазари за хероин - Западна Европа. Станува сè поважна влезна точка за кокаин, како и место за перење на добивката од криминални дејствија. Западен Балкан е исто така еден од главните правци за луѓе што нелегално се движат од Блискиот Исток и Северна Африка кон ЕУ, или како шверцувани имигранти или жртви на трговија со луѓе. Истовремено е и клучен центар за шверц на оружје.

Поголемиот дел од побарувачката за производи што се или произведени или транзитираат низ регионот доаѓа надвор од регионот - особено од земјите членки на ЕУ. Ова сугерира дека решението, исто така, бара соработка со надворешни актери. Т.н. Балканска маршрута е најдобро позната по трговијата со хероин од Авганистан преку Турција во ЕУ. Хероинот од Турција поминува низ Бугарија или Грција пред да влезе во Северна Македонија и Србија. Потоа се упатува на север по должината на таканаречената Централноевропска маршрута до Унгарија, Словачка, Австрија и Швајцарија. Хероин, исто така, се пренесува во Италија преку Северна Македонија и Косово, потоа преку Албанија и Црна Гора. Од Србија и Црна Гора дрогата завршува во Босна и Херцеговина, за понатаму да го продолжи патот кон Хрватска и соседна Словенија.

Во 2015 година вкупниот бруто-профит остварен од трговците со опијати во Југоисточна Европа беше проценет на 1,7 милијарда долари. Со хероинот не само што се тргува низ Балканот, туку тој и се обработува тука. Поголемиот дел од побарувачката за производи што се или произведени или транзитираат низ регионот доаѓа од надвор од регионот – особено од земјите членки на ЕУ. Албанија и Црна Гора се важни влезни точки за кокаинот што доаѓа во Европа од Латинска Америка. Пратките пристигнуваат главно со контејнер до пристаништата Драч и Бар. Потоа пратките се дистрибуираат низ Косово, Србија и Босна и се шверцуваат кон Централна Европа. Исто така, постојат докази за преработка на кокаин во регионот. Она што можеби е позначајно е дека криминалните групи од Балканот се активни во дистрибуцијата на кокаин во Западна Европа, особено во Австрија, Грција, Италија, Белгија, Холандија, Шпанија, Шведска и во Обединетото Кралство. Повеќето од шефовите на овие групи живеат во Западен Балкан и таму ги перат своите пари – затоа што можат. Освен што Балканот е транзитен регион за сите видови дроги, тој исто така е и главен снабдувач на канабис.

Албанија е најголем производител на канабис во регионот. Организираните криминални групи не само што го шверцуваат производот во соседните земји на ЕУ туку и го дистрибуираат низ целиот регион. Сепак, се чини дека има значително намалување на одгледувањето на канабис од средината на 2017 година наваму, и значително зголемување на запленувањето на дрогата. Во целиот Западен Балкан, а особено во

Албанија, канабисот е најчесто консумираната, најлесна за наоѓање и недостапна дрога. Главната дестинација за албанскиот канабис е Италија, особено се пренесува преку глисери. Во минатото се користеа и мали авиони. Според италијанските власти, во 2017 година биле запленети рекордни 90 тони канабис што дошле од Албанија. Други важни дестинации за албанскиот канабис се Грција и Турција, често преку Северна Македонија.

Шверцерите користат големи патишта, официјални премини, како и планински гранични области за го шверцуваат производот и кон југ и исток. Јонското Море се користи за шверц на канабис во Грција и понатаму во Турција. Големи количини канабис се шверцуваат во соседна Црна Гора и Косово преку официјалните гранични точки и нелегални или паралелни премини. Оттаму канабисот го продолжува својот пат кон Босна и Србија, а подоцна и кон Хрватска и Словенија. Од Србија патува кон Унгарија, Словачка и Австрија. Штом се прошверцува во Косово, канабисот често продолжува кон Северна Македонија и Бугарија; или кон Србија и Бугарија. Неодамна износот на одгледување канабис во Албанија значително се намали, иако сè уште се одвива во помал обем и на поскриен начин. Земјата е под притисок да го спречи проблемот како дел од нејзините напори за влез во ЕУ. Вреди да се напомене дека канабисот (кој оди на исток) понекогаш се користи за плаќање за хероин (кој оди на запад).


Во табелата што следува е даден приказ на бројот на осудени лица за дела во врска со трговија со дрога во нашата држава во периодот од 2010 до 2019 година.

Осудени полнолетни лица според видот на кривичното дело

Дело	2010	2011	2012	2013	2014	2015	2016	2017	2018	2019
Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори	293	420	322	364	419	356	281	254	184	217
Овозможување на употреба на наркотични дроги и психотропни супстанции	44	59	53	88	87	66	44	29	40	53

Табела 5. Осудени полнолетни лица според видот на кривичното дело

Извор: http://www.stat.gov.mk/



Графикон 5. Осудени полнолетни лица според видот на кривичното дело

Во вкупниот број осудени полнолетни лица според видот на кривичното дело најголемо учество имаат сторителите што се осудени за кривични дела против неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори во 2011 година, со вкупен број од 420 лица, додека според кривичното дело овозможување употреба на наркотични дроги и психотропни супстанции најголем број осудени лица се во 2013 година, со вкупен број од 88 лица. Најмала е стапката во 2018 година со број од 184 осудени лица за неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори, додека за овозможување употреба на наркотични дроги и психотропни супстанции најмал е бројот на осудени лица во 2017 година, или вкупно 29 лица.

Глава VII

1. Случаи од практиката за трговијата со дрога

Пример бр.1

Врховниот суд на Република Македонија во конкретниот случај најде дека се основани наводите во поднесеното барање дека со правосилната пресуда е сторена повреда на Кривичниот законик на штета на осудениот во делот на примената на член 215 став 6, бидејќи неосновано е одземена недвижноста - куќата во с. В. согласно наведениот член. Овој суд не го прифаќа тврдењето на пониските судови за основаност на примената на член 215 став 6 во делот за одземање на недвижноста - куќата во с. В. на обвинетиот М.А.. Притоа го имаше предвид описот на дејствијата на извршување на кривичното дело - неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори од член 215 став 1 од КЗ, онака како што се опишани во изреката на првостепената пресуда, од кои може да се заклучи дека дрогата само била чувана во орман во куќата, а со цел нејзино растурање, што не е доволен основ за нејзино одземање. Имено, по оцена на овој суд, основаноста и оправданоста на примената на наведениот член во делот на одземање на предметната куќа би постоеле во случај кога целата куќа би била ставена во функција на правење, пренесување или растурање на дрогата, како на пример при постоење лабораторија во куќата наменета за правење на дрогата која потоа ќе биде растурана. Всушност, дикцијата на одредбата од член 215 став 6 е токму одземање на наркотичната дрога, психотропните супстанции и прекурзори, како и подвижните и недвижните предмети употребени за нивно правење, пренесување или растурање, со што во случај на постоење доволно оправдани причини, одземањето на наведените предмети е облигаторно. Поради сето наведено, овој суд најде дека во конкретниот случај не е исполнет условот од член 215 став 6 за одземање на недвижноста - куќата во с.В. на обвинетиот М.А., а одземена е дрогата како обврска од споменатиот член. Од тие причини, Врховниот суд на Република Македонија изврши преиначување на пресудата на Основниот суд С. – С. К.бр.886/15 од 9.11.2015 година и на пресудата на Апелациониот суд С. Кж.бр. 1799/16 од 11.7.2016 година, во делот за правилната примена на Кривичниот законик, само во

однос на примената на членот 215 став 6, на начин како што е одлучено во изреката на пресудата.[49]

Пример бр. 2

По повод Светскиот ден за борба против малото и лесно оружје, Агенцијата за управување со одземен имот во соработка со Комисијата за уништување на одземено оружје, наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори, формирана од министерот за правда, како и во соработка со Министерството за внатрешни работи, денес во 12:00 часот во погоните на „Еуроникел индустри“ во Кавадарци спроведе уништување на оружјето и на дрогата одземени по основ на правосилни судски одлуки, донесени по завршени кривични постапки, како и врз основ на решенија за нивно ништење, донесени од соодветните судови во државата, каде што беа јавно уништени повеќе од 600 парчиња оружје, од кои најголемиот дел се пиштоли - 358, ловечки пушки - 142, автоматски пушки - 32, воздушни пушки - 54, еден ракетен фрлач и друго. Во поглед на уништената количини на дрога, станува збор за повеќе од 400 килограми наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори, и тоа марихуана, хашиш, кокаин, хероин, амфетамини и друго.[50]

Пример бр. 3

Во комбинатот „Југохром“- Јегуновце, по повод Светскиот ден за борба против малото и лесно оружје, Агенцијата за управување со одземен имот во соработка со Комисијата за уништување одземено оружје, наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори, формирана од министерот за правда, како и во соработка со Министерството за внатрешни работи, спроведе јавно уништување на запленетите оружје и дрога, потекнати од извршени кривични дела за кои се донесени правосилни одлуки.

Во печките на „Југохром“ јавно беа уништени вкупно 265 парчиња оружје, од кои: 48 ловни пушки, 18 ловни карабини, 1 малокалибарска пушка, 6 автоматски пушки, 21

[49] Пресуда на Врховниот суд на Република Македонија Квп.бр. 287/2016 од 28.11.2016 година.
[50] http://www.odzemenimot.gov.mk/

воздушна пушка, 76 сигнални пиштоли, 93 пиштоли, 2 воздушни пиштоли, како и 60 115 г хероин, 1 465 г кокаин, 226 952 г марихуана и 15 266 парчиња таблети.[51]

[51] Ibid.

Глава VIII

1. Превенција и сузбивање на трговијата со дрога

Недозволената трговија со дрога е една од најпрофитабилните криминални активности во кои се вклучени најголем број од организираните криминални групи. Република Македонија претставува транзитно подрачје низ кое поминуваат дел од меѓународните маршрути за транспорт на дрога, земја - крајна дестинација и земја каде што се произведуваат одредени видови дрога. Во нелегалната трговија со хероин се вклучени ОКГ, кои организираат меѓународни транспорти наменети за западноевропските држави, од кои мали количини завршуваат на домашниот наркопазар. Потеклото на хероинот е од Турција, кој во Република Македонија влегува преку Грција и Бугарија, делумно се складира за понатамошен транспорт или транзитира кон Косово и Србија до крајната дестинација. Кокаинот е застапен во мали количини на наркопазарот во Македонија поради високата цена и малата побарувачка на овој вид дрога. Во Република Македонија кокаинот доаѓа од пристаништата во регионот, кои се транзитните точки на веќе воспоставените транспортни маршрути на кокаин.

Нелегалната трговија со кокаин вообичаено е споредна криминална активност на ОКГ, кои ги користат истите модуси, маршрути и ресурси кои се веќе воспоставени за другите видови дроги. Во изминатиот период нелегалната трговија со марихуана бележи експанзија, сè до намалувањето на производството во Република Албанија, како главен снабдувач на пазарот. По намалувањето на производството на марихуана во Албанија се намалува понудата, што резултира со зголемена цена на пазарот. Најголемите количини на марихуана што се внесуваат од Албанија се наменети за транспорт до државите на Европската Унија, а одреден дел завршуваат на домашниот пазар. Со намалената понуда на марихуана произведена во Албанија се интензивира производството на марихуана во Македонија. Синтетичките дроги на локалниот пазар првенствено доаѓаат од соседните држави во регионот и се внесуваат во помали количини. Постои нагорен тренд на популарноста на синтетичките дроги на наркопазарот, особено на екстазите, поради ниската цена споредено со цените на

другите видови дроги, кои се во пораст. Нелегалната трговија со синтетички дроги е споредна криминална активност на ОКГ, кои имаат веќе воспоставени методи на трговија со дрога. Покрај екстазите како најзастапени, на наркопазарот се јавуваат и нови видови синтетички дроги, а има и обиди за домашно производство.

Македонската национална стратегија за борба против трговијата со дрога поставува две општи цели:

- да се спречи новата и да се намали моменталната употреба на дрога, зависноста и штетите/загубите што произлегуваат од дрогата врз здравјето и врз општеството; и
- да се преземе активна борба против производството на дрога и прекуграничната трговија со дрога, при што би се спречила и стапката на криминал на дроги.

Двете главни цели се надополнуваат со пресекот на три домени на активности: координација, меѓународна соработка, следење и евалуација. МВР создаде Акционен план за да се имплементира оваа Стратегија и да се постигне усогласување на македонската стратегија/политика по прашањето на дроги со европската стратегија, европскиот Акционен план и Конвенцијата на ОН за дрога. Овој акционен план беше успешно имплементиран со создавање Национално тело за координација; Меѓуминистерска комисија - одговорна за координација на напорите за сузбивање на трговијата со дрога и Национален центар за дрога и зависности од дрога - (Национален центар) кој има задача да обезбедува објективни, доверливи и споредливи информации за прашањата на дрогата и зависниците од дрога, согласно стандардите на ЕУ.

Според извештајот од 2019 година, објавен од Националниот центар, имплементацијата на Акциониот план досега е 79% реализирани, со две претстојни години за финализација. Македонија е потписничка на Конвенцијата за дрога на ОН, 1988 година, Единечната конвенција која е изменета со Протоколот од 1972 година, и Конвенцијата од 1961 година за психотропни супстанции. Спогодбата за екстрадиција од 1901 година, помеѓу САД и Србија, ја прави Македонија земја сукцесор на тогашната Југославија. Македонија е потписничка на Конвенцијата на ОН за борба против корупцијата и транснационален организиран криминал и нејзините три протоколи. Во 2010 година Македонија потпиша неколку билатерални договори: еден за полициска

соработка со Косово; друг за соработка во доменот на спроведување на законот со Чешката Република; и трет со Република Србија за регионални прашања на трговија. Македонија, исто така, оваа година потпиша Меморандуми за разбирање во доменот на соработка за спроведување на законот со Албанија, Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора.

Отворањето на Националниот центар ги подобри квалитетот и доверливоста во статистиката во поглед на злоупотребата на дрога и зависноста. Вработените во Министерството за здравство проценија дека се регистрирани 9.000 корисници на дрога во земјата. Најчесто користена дрога е марихуаната, по што следува хероинот. Третманот и рехабилитацијата се изведуваат во 12 државни болнички клиники за корисници на дрога. Овие клиники го надгледуваат текот на метадонската терапија за регистрираните зависници од хероин. Една од овие 12 клиники е на универзитетскиот клинички центар во Скопје, а две се лоцирани во двата македонски основни затвори (најголемиот со над 60% од вкупната популација на затвореници во земјата). Финансирањето на клиниките и третманот со лекови потекнуваат од националниот буџет. Според испитувањето спроведено во 2010 година од страна на Националниот центар (вклучувајќи ја и внатрешноста на затворите), 75 % од пациентите одговориле дека се задоволни со севкупните услови на третман, а 63% одговориле дека поради успешноста на третманот, тие се способни да работат.

Од 1.500 затвореници во главниот затвор во земјата, проценетата една четвртина од затворениците беше идентификувана како зависничка популација од дрога, главно зависници од хероин. Министерството за образование со невладини организации и меѓународна поддршка успешно имплементира три пилот-програми за превенција во три различни града во Македонија, при што секоја вклучуваше обучување на наставници, како и програми за обука на обучувачи. Едукационите материјали за спречување, во облик на летоци и постери, беа дистрибуирани во пилот-училиштата. Националниот центар го оцени успехот на овие програми како висок - меѓу учениците особено во поглед на спречувањето на употребата на канабис и алкохол, но забележа дека постоеше мало или никакво внимание во поглед на контролираните супстанции како бензодијазепини и другите лекови за смирување кои, според Европскиот проект против дрогата спроведуван во училиштата, се најпроблематичните прашања меѓу

училишната популација во Македонија. Центарот, исто така, имаше критички став за ефектот на проектот бидејќи единствено се покри еден процент од вкупниот број ученици во Македонија. Како реакција, МВР креира Национална програма за превенција за обезбедување информации од корист за учениците и другите чувствителни групи - како на пример млади луѓе кои живеат на улица и оние што се во затвор - за да се избегне користењето на дрога. Во 2010 година МВР исто така обезбеди нови пробни можности за лекување со користење на лекот „бупренорфин“. Три приватни психијатриски клиники за лекување пациенти се отворени во 2010 г. и веќе третирале 123 пациенти. Во Струмица, град познат по тоа што има значителен проблем со употребата на дрога, локалната невладина организација за борба против употребата на дрога поддржана од општинските власти и Македонската православна црква ги здружија напорите и отвори приватна клиника за рехабилитација на зависниците од дрога. Локалните бизниси обезбедија средства за да се реновира општествената зграда која би се користела како центар за лекување. Центарот значеше голем успех за заедницата, хомогенизирајќи ја соработката меѓу локалната власт и луѓето и обезбедувајќи место за бесплатна рехабилитација надвор од државниот систем. Во јуни 2010 година Бирото за јавна безбедност во Министерството за внатрешни работи, во соработка со меѓународни партнери, одржа конференција во Македонија за анализа на организираните форми на криминал со дроги и зајакнување на капацитетите за сузбивање на нелегалната трговија со дроги, која ги собра експертите за борба против употребата на дроги. Седумдесет експерти од Македонија, како и меѓународни експерти од Европската комисија, SECI Центарот, Интерпол и ДЕА (Администрација за сузбивање на дрога) беа присутни и зедоа учество.

Корупцијата е честа појава низ институциите во РМ, а ниските плати влијаат поттикнувачки за појава на корупција меѓу владините службеници, органите за спроведување на законот и во судството. Македонското судство останува слабо. Како прашање на политика и практика, сепак, Владата на Република Македонија не го охрабрува или овозможува полесната незаконско производство или дистрибуција на дроги или перење на приходот од илегалните трансакции од дрога. Мал број полициски службеници се уапсени во корелација со напорите за сузбивање на корупцијата и спроведување на законите за злоупотреба на дроги преземени од МВР.

Регионалните службени лица во ДЕА известуваат за одличната соработка со македонските органи на власта во поглед на операциите за сузбивање незаконска трговија со наркотици. Еден пример кој вреди да се забележи од 2010 година - се случи во јуни кога македонските партнери им пренесоа информација на службените лица на ДЕА во однос на камион кој ја минувал дестинацијата од Турција до Италија и за кој се појавил сомнеж дека најверојатно пренесува хероин. Службените лица на ДЕА и грчката полиција го лоцирале камионот кога транзитирал низ Грција. Претресот на камионот покажал дека има приближно 74 кг хероин во резервоарот за гориво. Службените лица на ДЕА процениле дека овој случај го истакнува нивото на соработка меѓу Македонија, Грција и Соединетите Американски Држави и важноста од зголемената соработка меѓу обете земји во борбата за спречување на трговијата на дроги. Американското министерство за одбрана го реновира националниот полициски капацитет за обуки и операции, а во тек е неговото обезбедување со опрема.

Превенцијата и заштитата од овие дела би се овозможила на повеќе начини:

- превентивно-едукативни проекти и посебни часови, каде што учесниците поблиску се информираат за штетните здравствени, социјални, психолошки и други последици од користење дроги и алкохол, но и за законските импликации поврзани со уживање или производство и пуштање во промет на наркотични дроги.
- Преку постојано следење и контрола на производството, продажбата и транспортот на прекурзорите на нелегалниот пазар преку усвојување подзаконски акти во Законот за прекурзори.
- Преку подобрување на превенцијата и откривањето на пренасочувањето на прекурзорите на нелегалниот пазар преку следење на домашното производство и прометот со прекурзори.
- Воспоставување заемна соработка меѓу државните институции и домашните производители и трговските компании со цел да се постигне размена на информации за сомнителни нарачки и можни нелегални трансакции, за да се открие и спречи пренасочувањето на прекурзорите на нелегалниот пазар.

- Да се развие компјутеризиран информатички систем за контрола на прекурзорски хемикалии.
- Производството, складирањето, транспортот, тргувањето и дистрибуирањето на овие хемиски прекурзори да биде строго следено со цел да се избегне нивно пренасочување кон илегални мрежи.
- Преку обука на заеднички истражни тимови (ЗИТ) и инспектори за поефикасно набљудување на работата на хемиските фабрики.

Добрата подлога за создавање и развој на организираниот криминал ја чинат несредените општества, т.н. држави со многу нерешени внатрешни, но и надворешни проблеми, особено онаму каде што доаѓа до израз економската криза, а согласно тоа, таму каде што таа постои неизбежно е и постоење на кризата на владеење. Сето ова ги прави државите помалку отпорни на појавата на дејствување на организираниот криминал, кој преку нелегалните активности многу брзо доаѓа до голем незаконски профит. Така, тој се етаблира во оние стопански области каде што постојат одлични услови за стекнување висок профит за многу краток период, на пример, легалната трговија со оружје и нуклеарни материи, но и во општествено опасните активности, како на пр. нелегалната трговија со дрога, оружје и експлозив, трговијата и нелегалното складирање нуклеарен отпад, нелегалната трговија со акцизна стока, како што се цигарите, алкохолот, нафтата и нафтените деривати, нелегалната трговија со луѓе и шверцувањето мигранти. Стекнатите пари од овие недозволени и нелегални активности организираниот криминал ги вградува во легалните бизниси, со што го поткопуваат фискалниот и банкарскиот систем на државите, но учествува и во финансирање на тероризмот, што претставува особена опасност за современите општества. Во услови на недоизградени државни институции и несредени односи во државите, вака незаконски стекнатиот профит криминалните структури често успеваат да го легализираат, а нивните водачи успеваат да се стекнат и со општествен углед во државите, кој пак од друга страна им овозможува речиси непречено „перење“ на криминално стекнатите или „валкани“ пари.

Општествената опасност од организираниот криминал претставува последица од неколкуте негови карактеристики кои битно го разликуваат од т.н. класичен криминал.

Тоа се: високиот степен на организираност на членството, големата желба за пари и моќ, како и меѓународната компонента која не признава државни граници и национален суверенитет. Основните заканувачки аспекти од организираниот криминал се: првиот аспект се огромните пречки во спречување и уништување на криминалните структури, нивните меѓународни димензии и влијание и вториот аспект, нивото на нивната инфилтрација во економијата и општеството воопшто. Првиот аспект им дава имунитет и вечност на криминалните структури, додека вториот аспект ги прави измешани со легалниот свет, влијаејќи негативно врз волјата и подготвеноста на државите да ги спречат и уништат. Колку се поетаблирани овие структури во општеството, толку повеќе стануваат респектабилни, со што станува сè потешко нивните членови да се изведат пред лицето на правдата.

Особено значајна е Конвенцијата на ООН од Палермо 2000 година, во која се направени обиди за намалување и ублажување на концептуалните и теоретските разлики во дефинирањето на транснационалниот организиран криминал, каде што се утврдени делата врз кои Конвенцијата ќе се применува, а истовремено е дадена и дефиниција за организирана криминална група.[52] Согласно Конвенцијата од Палермо, македонското законодавство ја определува организираната криминална група во Законот за полиција и Законот за Јавно обвинителство како група составена од најмалку три лица, која дејствува одреден период со цел да оствари непосредна или непосредна или друг вид материјална корист и која ќе изврши едно или повеќе кривични дела за кои е предвидена казна затвор во траење од најмалку 4 години.[53] Со оглед на тоа дека не може да се донесе единствена дефиниција за поимот „организиран криминал“, сепак се определени одредени карактеристики по кои овој криминал треба да се разликува од другите видови криминал. Тоа значи дека доколку овие карактеристики и елементи не постојат, тогаш организираниот криминал ниту ќе постои ниту, пак, ќе има потреба од негово одвојување од другите форми на криминално однесување.

Според тоа, во Глобалниот план за акција против организираниот транснационален криминал, донесен на Конференцијата на ООН во Неапол 1994 година, утврдени се

[52] Конвенција на ООН од Палермо 2000, 5
[53] Закон за полиција 2006, 5

следниве карактеристики на организираниот криминал: организација на група за извршување казнено дело; хиерархиски односи во групата што му допуштаат на нејзиниот водач да ја контролира; насилство, застрашување и корупција како средство за остварување профит или за контролирање територии или пазари; перење на нелегално стекнатата корист и инфилтрирање во легалната економија; способност за експанзија во која било нова активност и надвор од националните граници; кооперација со други организирани транснационални групи.[54] Овие карактеристики се прифатени од голем број држави и во голема мера се имплементирани во националните законодавства.

Националната стратегија за дроги на Република Македонија 2014-2020 год. и акциските планови, од кои првиот за периодот 2014-2017 год., ги одредуваат заедничките активности на полето на дрогите во рамките на територијата на Република Македонија, но и во поширок план - регионален и меѓународен. Националната стратегија за дроги на Република Македонија 2014-2020 год. е синхронизирана со стратегијата за дроги и акцискиот план на ЕУ и политичката Декларација на Обединетите нации за борба против дрога, но ги отсликува и националните и регионалните состојби и приоритети. Стратегијата промовира заеднички модел со дефинирани приоритети, цели и активности, како и индикатори за идентификување на степенот на имплементација. Стратегијата има значајна улога и во дефинирањето на одговорностите на институциите, агенциите, јавните и приватни здравствени организации, граѓанскиот сектор.[55]

Општините во Република Македонија може да ги користат рамката и поставеноста на Националната стратегија за дроги на Република Македонија 2014-2020 год. и акциските планови, да изградат локална стратегија за дроги за општината која ја претставуваат, со слобода да ги опфатат и локалните приоритети базирани на евидентирани сознанија и спецификите на состојбата во нивното опкружување. Националната стратегија за дроги на Република Македонија 2014-2020 год. ќе има додадена вредност при градењето на стратегиите за дроги на општините во Република Македонија и ќе претставува платформа за координација во релација на принципите и

[54] Камбовски 2005, 22
[55] М-р сци. фарм.спец.Татјана Петрушевска, „Национална стратегија за дрога на Република Македонија“ 2014-2020 год. стр.10

пристапите во справувањето со проблемот со дрогите. Националната стратегија за дроги на Република Македонија 2014-2020 год. и акциските планови се изградени врз основа на искуствата, знаењата, научените лекции и евалуацијата на Националната стратегија за дрога и акциските планови од 2006-2012 година.[56]

Согласно принципот на владеење на правото, полицијата е јавна институција што се воспоставува со закон, а полициските операции мора да се преземаат во согласност со националното право и меѓународните стандарди прифатени во соодветната земја и законодавството кое се однесува на полицијата треба да биде достапно и разбирливо за пошироката јавност и доволно јасно и прецизно. Во таа смисла, основни задачи на полицијата во едно демократско општество, согласно принципот на владеење на правото, се: одржување на јавниот ред и мир и поредокот во општеството; гарантирање, обезбедување и почитување на основните човекови слободи и права, согласно Европската конвенција за човекови права; спречување и борба против криминалот; откривање на криминалот; и обезбедување помош и услужни функции на јавноста. Со оглед на потребата од размена на информации, како и намалувањето на достапноста на дрогите на локално ниво, од големо значење е концептот на полициското работење во заедницата. Полициското работење во заедницата е филозофија која промовира организациски стратегии кои ја поддржуваат систематската употреба на партнерства и техники за решавање проблеми, проактивно упатувајќи на непосредните услови кои задираат во прашањата од областа на јавната безбедност, како што се криминалот, девијантните појави и сл.

Во таа насока, штом полициските органи ќе ја стекнат довербата од населението во заедницата и ќе станат чувари на неговата безбедност, ќе се создадат услови за подобро разбирање на потребите на заедницата и на факторите за криминал. Традиционално, задачата на полициските служби во насока на спречување на наркокриминалитетот се огледува преку преземање мерки и активности насочени непосредно кон откривање и сузбивање на криминалните организации што се занимаваат со трговија со дрога, независно дали како дел од организираниот криминал или како индивидуална ситна трговија со мали количини на дрога. Поради тоа,

[56] Ibid.

неопходна е правилна внатрешна организација на полициските единици, специјализирани за откривање и гонење на казнените дела од областа на трговијата со дрога, составени од професионалци, добро едуцирани и обучени, познавачи на законските прописи, кои треба да постапуваат законски со почитување на основните човекови слободи и права и кои ќе соработуваат со другите органи и институции, а особено со царинските служби.

Така, на пример, во зависност од внатрешната организација, во многу држави постои централен орган кој е надлежен за откривање на трговијата со дрога и употребата на дрога, општо познат како Биро за наркотици. Оваа оперативна единица ги акумулира највисоките суштински познавања за дрогите генерално и цели директно кон изворот на проблемите и ги презема најсофистицираните истраги против трговците со дрога. Покрај Бирото за наркотици, постојат и други полициски оддели чија надлежност е откривањето на трговијата со дрога, но најчесто тие се специјализирани за откривање на организираниот криминал. Организираните криминални групи брзо ги приспособуваат своите модус операнди и го искористуваат напредокот во технологијата со користењето на полупотопливи бродови, беспилотни летала и модерна телекомуникациска опрема за трговија со дрога. Ефективен одговор на овие случувања бара подобро опремени и обучени полициски сили.

Поради тоа, покрај специјализираните оддели за откривање на трговијата со дрога, од особено значење се и граничната полиција (копнена, водена и воздушна во зависност од границите на една држава) чии припадници исто така треба да бидат соодветно обучени за контрола и откривање на трговијата со дрога, единиците за информатичка технологија надлежни за следење на продажбата на дрога во интернет-просторот, службите за криминалистичко разузнавање и, секако, разузнавачките и контраразузнавачките служби кои преку своите канали добиваат информации и за трговијата со дрога, што е од голема важност бидејќи наркокриминалот неретко е поврзан и со финансирањето на тероризмот и други форми на организиран криминал кои претставуваат закана за националната безбедност.

Поради сериозноста и вклученоста на голем број лица во овој вид криминал, најчесто како мерки за негово откривање се користат посебните или специјални истражни мерки.

Имено, под специјални истражни мерки се подразбираат дејствија на систематско прибирање информации, на начин со кој не се вознемирува лицето засегнато со нив, применети од страна на полицијата со цел откривање и истрага на казнени дела и осомничени сторители. Од оваа дефиниција произлегува дека се работи за прикриени полициски активности чија цел е прибирање, регистрирање и обработка на информации за сторено казнено дело или за осомничено лице, односно за создавање доказна основа за понатамошни активности за гонење на сторителот на казненото дело.[57] Потребата за примена на овие мерки произлегува од неможноста да се постигнат солидни резултати во борбата против организираниот криминал со конвенционалните мерки бидејќи класичните мерки и техники на откривање се доволни за откривање на т.н. уличен криминал. Во зависност од законодавството на секоја држава се применуваат различни облици на посебни истражни мерки, а кои во најголем дел произлегуваат од конвенциите за борба против организираниот криминал и препораките на засегнатите страни (држави-потписнички и специјализирани меѓународни агенции или организации што се занимаваат со откривање и сузбивање на организираниот криминал). Меѓутоа, користењето на овие мерки треба да биде прецизно законски регулирано, без да се навлегува во приватниот живот на други лица што се поврзани со лицата или предметите од интерес и, секако, да се почитуваат основните човекови слободи и права.

Постојат низа посебни истражни мерки, но од аспект на откривањето на трговијата со дрога, согласно Виенската конвенција и Конвенцијата од Палермо, најчесто се користат контролираните испораки. Се работи за техника со која се дозволува недозволена или сомнителна пратка со наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори или нивна замена, како и друга стока што недозволено се пренесува да се пропушти од, низ или на територииите на договорните страни, со знаење и под надзор на нивните надлежни органи, со цел да се дојде до примателот или испраќачот на стоката (дрогата) и до неговите соучесници. Оваа мерка, исто така, се користи како посебна техника при спречување перење пари, кое многу често е последица од приносите од трговијата од дрога кои треба да се инфилтрираат во легалните финансиски текови,

[57] Камбовски, В., Организиран криминал, 2 Август С - Штип, Скопје, 2005, стр. 364-365

согласно препораката од ФАТФ, која бара од државите да обезбедат мерки за конфискација на имотот и средствата стекнати преку нелегални активности.

Тргнувајќи од наведените уставни одредби, меѓународните договори кои се ратификувани и станале дел од внатрешниот правен поредок, како и местото и улогата на јавното обвинителство како државен орган кој ги гони сторителите на кривични дела согласно Законот за кривичната постапка, со цел да се одговори на наводите изнесени во иницијативата, Судот ги имаше предвид одделните одредби од Законот за кривичната постапка што се однесуваат на посебните истражни мерки и Законот за следење на комуникациите во целина и одделни одредби што се однесуваат на спроведувањето на посебните истражни мерки, а не само оспорениот член 17 од Законот за следење на комуникациите гледано изолирано сам за себе.

Во членот 39 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“, број 150/2010, 100/2012, 142/2016 и 198/2018), е предвидено дека:[58]

1. Основно право и должност на јавниот обвинител е да ги гони сторителите на кривични дела за кои гонењето се презема по службена должност.
2. Во предметите за кривични дела за кои гонењето се презема по службена должност, јавниот обвинител има право и должност да:
    - ги насочува дејствијата на органите надлежни за откривање и пријавување на кривичните дела и на нивните сторители,
    - предлага или да издава наредба за преземање посебни истражни мерки, под услови и на начин определени со овој закон,
    - донесува наредба и да спроведува истражна постапка,
    - пронаоѓа, предлага и да обезбедува докази, под услови и на начин определени со овој закон,

[58] http://ustavensud.mk/

- предлага привремени мерки заради обезбедување имот или предмети прибавени со кривично дело или заради извршување на мерката конфискација,
- одлучува за одлагање на кривичното гонење под услови и на начин определени со овој закон,
- предлага издавање на казнен налог под услови определени со овој закон,
- преговара и да се спогодува со обвинетиот за признавање вина, на начин и под услови определени со овој закон,
- поднесува и застапува обвиненија пред надлежниот суд,
- поднесува жалби против неправосилни судски одлуки и вонредни правни лекови против правосилни судски одлуки,
- одлучува по жалба на оштетениот во случаи утврдени со овој закон и
- презема и други дејствија утврдени со закон.

3. Јавниот обвинител поведува посебни постапки и учествува во нив кога тоа е пропишано со посебен закон.

Во глава XIX - Посебни истражни мерки, односно во членот 252 од Законот, поднаслов „Цел и видови посебни истражни мерки“ е предвидено дека:[59]

1. Кога е веројатно дека ќе се обезбедат податоци и докази неопходни за успешно водење на кривичната постапка, како и податоци за лице кое е предмет на распишана меѓународна потерница кои на друг начин не можат да се соберат, може да се преземат следниве посебни истражни мерки:

   - следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации во постапка утврдена со посебен закон;

[59] Ibid.

- следење и снимање во дом, затворен или заграден простор што му припаѓа на тој дом или деловен простор означен како приватен или во возило и влез во тие простории заради создавање услови за следење на комуникации;

- тајно следење и снимање на лица и предмети со технички средства надвор од домот или деловен простор означен како приватен;

- таен увид и пребарување во компјутерски систем;

- автоматско, или на друг начин, пребарување и споредување на личните податоци;

- увид во остварени телефонски и други електронски комуникации,

- симулиран откуп на предмети;

- симулирано давање и примање поткуп;

- контролирана испорака и превоз на лица и предмети и одложување на приведување или одземање предмети;

- користење лица со прикриен идентитет за снимање, следење и собирање на информации или податоци и инфилтрирање во организирани криминални групи;

- отворање симулирана банкарска сметка и

- симулирано регистрирање на правни лица или користење постојни правни лица за собирање податоци и создавање услови за инфилтрирање.

Во член 255, пак, од Законот е определено против кои лица може да се определат посебни истражни мерки:[60]

1. Согласно условите од членот 252 став (1) на овој закон, наредбата може да се однесува на лице кое:

   - сторило кривично дело од членот 253 на овој закон;

   - презема дејствие на извршување на кривично дело од членот 253 на овој закон;

[60] Ibid.

- подготвува извршување на кривично дело од членот 253 на овој закон кога подготвувањето е казниво според одредбите на Кривичниот законик или

- лице за кое е распишана меѓународна потерница за кривично дело од членот 253 од овој закон.

- Наредбата може да се однесува и спрема лице кое прима или проследува пратки од осомниченият или осомниченият користи негово комуникациско средство или на кој било начин е во комуникација со лицето од ставот 1 точка 4) на овој член.

- Доколку при примената на мерката бидат следени и снимени комуникации на лица кои не се опфатени со наредбата, јавниот обвинител е должен да ги издвои и да го извести судијата на претходната постапка. По предлог на јавниот обвинител, судијата на претходната постапка може да нареди од целосната документација од примената на мерката да се издвојат само делови што се однесуваат на кривичното дело за кое е издадена наредбата.

Други посебни истражни мерки што исто така може да се користат за откривање на трговијата со дрога се: тајно набљудување, следење и визуелно-тонско снимање на лица и предмети со технички средства; користење лица со прикриен идентитет за следење и собирање информации или податоци итн. Мерењето на влијанието на мерките на полициските служби врз нелегалните пазари на дрога е тежок проблем. Конвенционалните пристапи за оценување на ефикасноста на спроведувачите на законите во областа на дрогите се фокусираат на употребата на дрога, запленувањето на дрогата и на податоците за апсење. Меѓутоа, овие податоци говорат повеќе за степенот до кој полицијата се вклучува во одредени видови активности и издвојува ресурси отколку за нивната ефективност, бидејќи за криминалот што се однесува на недозволени дроги се далеку поголеми шансите да биде откриен од страна на органите за спроведување на законот отколку тој да им биде пријавен. Од тие причини, како и поради сериозноста и обемот на криминалот со дрогата во светски рамки, националните полициски органи соработуваат меѓу себе преку размена на информации, заеднички акции, организирање семинари, обуки и конференции, а многу често овие служби се организираат во форма на сојузи заради поефикасно и целисходно вршење на своите задачи. Во меѓународни рамки, особено значење за размената на информации околу

дрогата имаат Интерпол, Европол, Канцеларијата за дрога и криминал при Обединетите нации, Меѓународното биро за контрола на дрогите и други организации во кои земаат учество голем број држави, а од друга страна, националните полициски служби соработуваат со други институции, како во рамките на своите држави така и со другите држави во светот вклучувајќи ги и погореспоменатите служби. Истовремено, препорачливо е спроведување на заеднички специјализирани обуки за казнените дела од областа на организираниот криминал, вклучително и за трговијата со дрога, психотропни супстанции и прекурзори.

Во криминалната литература, меѓу посебни фактори на влијание на малолетничката деликвенција се вбројуваат влијанието на семејството, училиштето, слободното време, средствата на масовна комуникација и личноста на малолетникот.[61]

Неадаптибилноста на родителите со новите услови се одразува и на однесувањето на децата. Наместо во родителите, децата пронаоѓаат воспитувачи и примери надвор, во своите врсници. Кога родителите се успешни во пренесувањето на нивните идеи за доброто или лошото, детето ги прима тие вредности и ги чувствува како свои. Потребен услов за таква интернализација на вредности е изложеноста на определен сет од вредности, во контекст на со љубов исполнети односи родител-дете. Ако задржувањето на родителската љубов е нешто многу важно за детето, тоа ќе прави сè и ќе верува во сè што го избегнува одбивањето.[62]

Покрај семејството, училиштето е институција во која се одвиваат најважните воспитни и образовни процеси за социјализација на личноста и оспособување за работни и општествени функции. Од организираноста, програмските содржини и наставно-образовниот процес главно зависи и развојот на младите личности и нивното општествено однесување. Колку и да вложува општеството во тој процес, тој природно, поради повеќе тешкотии, е оптоварен и со извесни слабости што негативно се одразуваат врз личноста. Училишната програма и функцијата на училиштето во современи услови повеќе се ориентирани на образовниот отколку на воспитниот аспект на младиот човек. Во таквиот систем недостига да се изградат морални норми,

[61] Стеван Алексоски, Криминологија, Штип 2009 година, стр.105
[62] Јаков Лазаровски, Алтруистичко и агресивно однесување, Скопје, Мелбурн, 1997 год.

позитивни ставови и карактерот на личноста, бидејќи програмата е неусогласена со физичките и психичките можности и потреби на младите, нивниот интерес и нивните желби. Покрај тоа, во образовниот систем недостигаат опрема, лаборатории и кабинети, спортски сали и други објекти за физичко воспитување кои би го задржале интересот на младите да го трошат слободното време во креативна и инвентивна насока. Одредено значење имаат и интерперсоналните односи, влијанието на послабите ученици, социјално-патолошките појави на дел од училишната популација, прекините во школувањето, чести промени на училишната средина, бегање и други облици на оправдано или неоправдано отсуство од настава, како и слабиот успех. Последица на сите тие фактори се 60-70% малолетници деликвенти во школската доба. Секој облик на криза во семејните односи се одразува врз емоционалниот развој на детето во разни видови нарушувања и инаетливо однесување. Високиот процент на малолетници деликвенти, пораснати во домови, е резултат на отсуство на родителско воспитување. На правилниот развој на младата личност непосредно се одразуваат и проблемите во содржината во воспитувањето во училишните програми, како и влијанието на асоцијалната средина во која малолетниците претежно се движат. Криминолошките истражувања укажуваат на тоа дека воспитната запуштеност е еден од најбитните фактори за малолетничката деликвенција. Овој фактор се јавува како последица на влијание на семејните фактори, училишната и животната средина. Состојбата на воспитна запуштеност кај деликвентната популација се решава со ресоцијализација, превоспитување во пенолошкиот процес, со примена на воспитни мерки изречени во кривичната постапка.

Заклучок

Притисокот на македонските граници и влијанието на регионалните големи групи за трговија на наркотици ќе продолжат да го креираат имиџот на земјата како атрактивна секундарна маршрута за транзит на нелегални дроги. Сепак, Министерството за внатрешни работи останува посветено на борбата против нелегални наркотици и успеа во имплементирањето многу елементи на нејзиниот четиригодишен акционен план, вклучувајќи го ставањето нов фокус на превенција. Владата на САД преку програмите за обука на Стејт департментот за спроведување на законот, кои ги спроведува Министерството за одбрана и ДЕА, ќе продолжи да работи на зајакнување на способноста на македонската полиција, јавните обвинители и судии за поефективно спроведување на македонските закони против трговците со наркотици. Во соработка со ЕУ и други меѓународни партнери САД ќе ја поддржат постојаната имплементација и на другите елементи на националниот план за борба против трговија со наркотици.

Борбата против криминалот поврзан со дрога е колективна заложба со политичко водство и доволни ресурси. За тоа е потребно вклучување на родителите, професорите, здравствените и социјалните работници, обвинителство, органите за одржување на редот и безбедноста на граѓаните, медиумите и сите релевантни институции.

Република Македонија преку Националната стратегија за дроги би ги следела целите на Европската Унија во превенирање на криминалот поврзан со дроги, намалувањето на побарувачката која ќе ги опфати сите подрачја на превентивата, почнувајќи од почетна употреба до намалување на негативните здравствени и социјални последици од злоупотребата на дрога. Имплементирањето на Националната стратегија на Република Македонија би опфатило информирање, едукација, зголемување на општествената свест, рана интервенција, советување, лекување, рехабилитација, превентива на рецидиви, следење по лекување и социјална реинтеграција.

Трговијата со дрога е проблем низ целиот свет. Ниедна земја не може самостојно да се справи со проблемот со дрога. Особено ранливи се земјите со слаба општествена и институционална структура или земјите каде што политичките настани, домашната нестабилност или внатрешните или регионалните конфликти придонеле за слабеење на

државните структури или контроли. Децата и младите имаат право да живеат во опкружување кое е заштитено од злоупотреба на дрога. Граѓаните, вклучувајќи ги и корисниците на дрога, имаат право на здравствена и социјална помош и заштита од социјална исклученост. Во ова, исто така, влегува и правото на соодветно однесување во истражните и судските процедури и за време на извршувањето на казната.

Потребно е зголемено покритие и достапност на ефективни, економични и различно профилирани служби и програми насочени кон одговорот на проблемите со трговија со дрога кои би биле овозможени преку процесот на дисеминација, согласно актуелните потреби, со едновремено вмрежување во еден национален систем и координација на активностите на хоризонтално и вертикално ниво.

Користена литература

1. A.Mergen, Die Kriminologie-Eine systematische Darstellung, 3. Auflage, “ Verlag Franz Vahlen” München, 1995
2. Анѓелески М. - „Основни криминалистички теоретски проблеми на борбата против организираниот криминалитет“, Правната држава и организираниот криминалитет - научен проект на Правниот факултет во Скопје, Скопје, 1966
3. Арнаудовски Љ. – „Меѓуусловеност и меѓузависност на тероризмот и организираниот криминал“, Научен труд, Скопје
4. Арнаудовски Љ.- „Организираниот криминалитет, феномен на денешницата“, МРКПК 2000/01, Скопје, 2002
5. Baldwin D. - “The concept of security”, Review of International Studies, Vol. 23,1997
6. Blacksell M. and Williams A. - The European Challenge, Geography and development in the European Community, Oxford, 1994
7. Bossard A.- “Policiska suradnja u Evropi”, Izbor, Zagreb, 1981 Bossard. A. - “Police Cooperation in Europe, International Criminal police” Review, No 343, Paris, 1980
8. Brezigar B.- ’Eurojust, EVRO PP- Evropsko pravo in praksa” Buzan,
9. B., Weaver, O. and de Wilde, J. (1998), Security: A NewFramework for Analysis, London: Lynne Rienner Publishers
10. Бабовић Б. - “Полиција у свјетском поретку”, Неа, Београд,, 1997.
11. Бабовић Б. - “Интерпол: Мит и стварност”, Београд, Глобус, 1986
12. Бакрески О. – „Контрола на безбедносниот сектор“, Филозофски факултет, Аутопринт Т.А, Скопје, 2008

13. Бакрески О. - „Координација на безбедносната заедница на РМ“, Филозофски факултет, Маринг, Скопје, 2005
14. Бакрески О. - „Регионалната соработка и координацијата како предуслов за побрзо членство во PLATO“, Министерство за одбрана на Р Македонија, Скопје, 2003
15. Božilović-Petrović G. -“Organizovanikriminal-korupcija i mito”, Beograd, 2004
16. Бошковић Г. - “ Организовани криминал”, Криминалистичкополицијска академија, Београд, 2011
17. Бошковић М.-“Организовани криминалитет” (први и други део) Полицијска академија, Београд, 1998
18. Бошковић М.- “Облици организованог криминалитета и методи супростављана”, Полицијска академија, Београд, 1994
19. Бошковић М. - “Организовани криминалитет и корупција”, Висока школа унутрашњих послова, Бања Лука, 2004
20. Buzan Ђ.-“People, States and Fear: An Agenda for International Security Studies in thepost-Cold War Era”, London: Harvester Wheatsheaf, 1991
21. Вујаклија М.- „Лексикон страних речи и израза”, Просвета, Београд, 1980 W.
22. Bmggeman, - “New Ways of Policing in Combating Transnational Organized Crime”, the Hague, 9 October 2003, стрл, 2, 4
23. Вилијамс Ф. – „Перење пари“, Безбедност, бр.4,1997 година
24. Вилијамс Ф. – „Транснационалните криминални организации, стратегиски алијанси“, Безбедност, Скопје, 1995

25. Вилијамс Ф. – „Транснационалниот и националниот организиран криминал и меѓународната безбедност“, Безбедност бр.3, Скопје, 1997
26. Valleix C. - Interpol, Izbor, Zagreb, 1986
27. Van Caenegem R.C. - European law in the Past and the Future, Unity and Diversity over Two Millennia, University Press, Cambridge, 2002
28. Galijasević Dž. -“Era terorizma u BiH”, Filip Visnić, Beograd, 2007
29. Grozold A. Tatalović S. i Cvrtila V.- “Savremeni sistemi nacionalne sigurnosti”, Fakultet političkih znanosti u Zagrebu, Zagreb, 1999
30. Grudzinski P. and Peter van Harm, - A critical Approach to European Security, Identity and Institutions, Pinter, 2005
31. Gyarmati I and Scott V. - Security Sector Governance in the Western Balkans, Baden-Baden, 2004
32. Георгиева Л.- „Менаџирање на ризици“, Филозофски факултет, „Југореклам“, Скопје, 2006
33. Георгиева Л.- „Творење на мирот“, Студио АДА, Скопје, 1999
34. Гоцевски Т. – „Основи на системот на национална одбрана“, Филозофски факултет- Скопје, „Киро Дандаро“, Битола, Скопје, 2005
35. Гоцевски Т. Бакрески О. Славевски С. – „ЕУ низ призмата на европската безбедност“, Филозофски факултет, Скопје, 2007
36. Гоцевски Т. Бакрески О. Славески С. Георгиева Л.- „Интересите на Република Македонија во градењето на европската безбедност”, МАНУ-Центар за стратегиски истражувања, Филозофски факултет Скопје, Скопје, 2008

Димитријевић В. - "Људска права и демократија, Свет и Пословна политика, Београд, 1991

37. Drage J.- Countering money laundering Bank's Banking Division, London
38. Dimitrijević V. – "Međunarodni terorizam", Zbornik pravnog fakulteta br.1-2, Zagreb, 1979
39. Durić, "The Economic Development of Montenegro", во: Bieber, Florian (ed), "Montenegro in Transition. Problems of Identity and Statehood", Nomos Verlagsgesellschaft, Baden-Baden, 2003, стр. 140
40. Europol - European Union Organized Crime Report, Luxemburg, 2004 Europol - European Union Organized crime threat assessment, Public Version, The Hague, 2006
41. Европол – „Процена на Европската Унија за заканите од организираниот криминалитет", Хаг, 2006
42. Игњатовић Ђ. - "Криминологија", Полициска академија, Београд, 1992
43. Игњатовић Ђ.-"Организовани криминалитет" (други део), Полицијска академија, Београд, 1998
44. Glasnik Privredne/Gospodarske komore Federacije Bosne i Hercegovine,
45. Glasnik br.18, Sarajevo Grubać M.- "Organizovani kriminal u Srbiji", Zbornik radova Pravnog fakulteta u Splitu, br.46 4/2009
46. Игњатовиќ Ѓ. – „Земјите во транзиција и организираниот криминалитет", Годишник на Факултетот за безбедност, Скопје, 2001
47. Ignjatović Đ. - "Kriminalistički aspekti delikata nasilja, delikti nasilja", Institut za kriminološka i sociološka istraživanja, Beograd, 2002 "Joint Statement, Ministerial SEECP Meeting/Regional Forum of MARRI", Herceg Novi, April 2004

48. Jaganjac J.-“ Sigurnost u sistemu znanosti”, Odjek, Sarajevo, 2009
49. James O’Donnell, “Albania’s Sigurimi: The Ultimate Agents of Social Control”, Problems of Post-Communism. Vol.6, N0.6, November/December 1995 Javorović B. - “Terorizam”,Policija i sigurnost, Zagreb, 1-2/1997
50. Jerković R. - “Visokotehnološki kriminal: akteri i žrtve”, Revija za bezbednost br. 3/09, Centar za bezbednosne studije, Beograd, 2009
51. Камбовски В., Наумовски П. -„Корупцијата - најголемо општествено зло и закана за правната држава“, Скопје, 2002
52. Камбовски В. - „Организиран криминал“, „2 Август С” - Штип, Скопје, 2005
53. Камбовски В. и др. - Билтен бр.1 против организираниот криминал во Република Македонија), Фондација Институт Отворено Општество Македонија, Скопје, 2006
54. Камбовски В. и др. - Билтен бр.3 (Борба против организираниот криминал во Република Македонија), Фондација Институт Отворено Општество Македонија, Скопје, 2007
55. Котовчевски М. – „Национална безбедност на Република 2, 3 дел), Македонска цивилизација, Скопје, 2000
56. Котовчевски М. - „Разузнавачко-безбедносните заедници на државите во Југоисточна Европа“, Филозофски факултет, Скопје, 2007
57. Котовчевски М. – „Национална безбедност“, Филозофски факултет, Скопје, 2011
58. Канцеларија на ООН, МВР, МП, МФ, UNPREDEP – „Нов пристап во борбата против организираниот криминал“, Скопје, 1997

59. Kešetović Z. - “Ilegalna trgovina biljnim i životinskim vrstama kao oblik organizovanog kriminala”, Revija za bezbednost br. 4/09, Centar za bezbednosne studije, Beograd, 2009
60. Кешетовић Ж, Бајагић М. - “ Борба против међународног тероризма правни аспекти”, Зборник радова, Висока школа унутрашњих послова, Бања Лука, 2003
61. Kennedy G.- ’’The Planetary Interest”, Cambridge, 1995
62. King G. and Murray C. - “Rethinking Human Political Science Quarterly, Vol. 116, No. 4, 2001-2
63. Korž V. - “Korupcijske veze organizovanih kriminalnih grupa i organizacija kriminalistička analiza”, Bezbednost 6/02, Beograd, 2002
64. Костовска Љ. – „Кризата на транзиционите економии и илузијата за глобализација на светската економија”, Прилеп, 1998
65. Костовска Љ.- „Апсурдите на една економска политика”, Скопје, 1998
66. Kovčo-Vukadin I. - “Kriminalitet na području Jugoistočne Evrope”- Hrvatski letopis za kazneno pravo i praksu, br.1/2008, Zagreb, 2008
67. Küster D. - “Organized crime, corruption and power” Crime Law&Social Change, Kluwer Academic Publishers, Tilburg, 1997
68. Лајман М., Потер Т.- „Организиран криминал“, Магор, Скопје, 2009
69. Манојловић Д. “Организоване криминалне групе”, БеоСинг, Београд, 2006
70. Lazarević Lj. - “Delikti nasilja-krivično pravni delkti”, Institut za kriminološka i sociološka istraživanja, Beograd, 2002
71. Long Đ.-“ The Anatomy of Terrorism”, Free Press, New York, 1990 Makarenko T. - “The Crime-Terror Nexus”, London: Hurst & Co., (Forthcoming December 2003)

72. Masleša R. - “Teorije i sistemi sigurnosti”, Magistrat, Sarajevo, 2001
73. Massari M. -“Transnational organized crime between myth and reality: The social construction of a threat.” In Organized Crime and the Challenge to Democracy, ed.Allum,F. and Siebert, R. New York, London: Routledge. 2008
74. Матевски З. – „Социолошки аспекти на организираниот криминал и корупцијата“, Скопје
75. Matić G. - “Nova bezbednosna politika Republike Srbije“, Pravni informator, Beograd, 2009
76. Меѓународна организација за миграции(ИОМ) - “Практикум за борба против трговијата со луѓе и нелегална миграција” Скопје, 2005
77. Mijalkovski M. - “Organizovani kriminal-najopasniji oblik ugrožavanja bezbednosti države”, Revija za bezbednost, br.12/08, Centar za bezbednosne studije, Beograd, 2008
78. Matić B. - “Geopolitički ključ za sudbinu “veriga sveta”-“tajna Balkana”, SKC, Beograd, 1995
79. Midendorf V. – “Konvencionalni i novi kriminalitet”, Beograd
80. Милосављевић М.- “Илегалне миграције, криумчарење и трговина људима” Securitas, Федерални МУП, Сарајево, 2002
81. Mileta V. - “Leksikon Evropske Unije”, Politička kultura, Zagreb, 2003
82. Милески Т. – „Еколошка безбедност“, Филозофски факултет, Скопје, 2006
83. Нацев З. Начевски Р.- „Безбедноста и националната одбрана“, Македонска ризница, Куманово, 2001
84. Нишић С. - “Глобална сила и безбедност Балкана”, Београд, 2002
85. P.Paleri “National Security-imperatives and challenges”, Tata McGraw-Hill

86. Publishing CoLtd, New Delhi, 2008 str 125-132 Plevnik J. - “ Iza globalizacije”, Zagreb, 2003

87. Рајкел Ф.(уредник) – „Транснационален криминал и правда“- ДатаПонс, Скопје, 2009

88. Рајкел Ф.(уредник)Вајт. Џ – „Транснационален криминал и правда - Тероризам во транзиција“, ДатаПонс, Скопје, 2009

89. Рачић О. Димитријевић В. - “Међународне организације”, Савремена администрација, Београд, 1980 година

90. Салкић Х. - “Учешће Царинске Управе федерације БиХ у откривању и сузбијању илегалних миграција и трговине људима на подручју Босне и Херцеговине” Securitas, Федерални МУП, Сарајево, 2003

91. Singer M. - “Kriminologija”, Zagreb, 1997 Славевски Т. „Организираниот криминал и корупцијата - економски аспекти“, Правен факултет, Скопје, 1996

92. Стајић Љ. Гилановић Ч. - “Основи безбедности”, Полициска академија у Београду, Београд, 1994

93. Тасева С. – „Перење пари“, ДатаПонс, Скопје, 2003

94. Tatalović S. Grizold A. Cvrtila V. - “Suvremene sigurnosne politike”, Zagreb, 2008

95. Tatalović S. Bilandžić M.- “Osnove nacionalne sigurnosti”, MUP R. Hrvatske, Zagreb, 2005

96. Taylor, P. - “International Organization in the Modern World: The Regional and the Global Process”, London, 1993

97. Faladžić A. - “Korupcijska krivična djela - normativni i kriminalistički Sarajevo, 2008

98. Фатић А. - “Криминал и друштвена контрола у Источној Европу”, Институт за међународну политику и привреду, Београд, 1977

99. Faladžić A. - “Korupcijska krivična djela - normativni i kriminalistički aspekt” Sarajevo, 2008

100. Hadzić M. - “Uloga Parlamenta u reforme sektora bezbednosti u državama Zapadnog Balkana”, Beograd, 2004

101. Шикман М. – „Организовани криминалитет“, БИНА, Бања Лука, 2011